Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На растојание од 2.0 км постои ПП дом, па затоа не е потребно да се предвидува посебна противпожарна станица.

Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус перио

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интанзитет од девет степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1. Основен, а воедно и доминантен вид на градба во зоната за домување се семејните куќи со градини,

2. Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. Весник на РМ 02/02 и 50/03) и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја парцела одделно.

3. Максималните висини на предвидените објекти се дадени поодделно според зоните и тоа за семејните куќи не ја надминува висината од 10.2 м, односно речиси сите куќи се плански изградени и со оваа измена и дополнување добиваат доградби или надградби на кат и поткровје. (затоа во графичкиот прилог висината е означена со Нпост +кат или поткровје).

4. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации.

5. Висината на слемето на сите објекти опфатени со овој план е до 3,5 м. над максималната или дозволената висина на изградба.

6. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе ги решава секој корисник на урбаното подрачје поодделно во рамките на расположивата локација, а во зависност од неговите потреби и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Сл.весник. на РМ", бр. 02/02 и 50/03). Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребениот број возила во рамките на парцелата односно објектот.

7. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните особи особено во делот на достапноста до јавните објекти.

8. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите

9. поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

10. Условите за изградба на станбените објекти, треба да содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

11. При оформување на содржините се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето на дворните места на семејните куќи, а во зоната на сообраќајниците линеарното зеленило.

12. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат.

13. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-4982/2 од 10.09.2024 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 517

ДУП: за улица “Вардарска“

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 0201-3826/1 од 16.12.1982

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-3 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 500

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

- Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:

Изготвил: Викторија Инџекарова

Овластен од Градоначалник,

Раководител на сектор,

Лазар Хаџи-Николов

Пиринска
Улица
Пиринска
Улица
Улица
Ул. 19-та бригада
Ул. Пирин
Ветеринарна станция
Ул. Пирин
Ул. Пирин
Ул. Пирин

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-5571/2 од 10.09.2024 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 517

ДУП: на населба МЗ.3 Горно Маало

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 0801-794/1 од 25.03.1985

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-3 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 500

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство

Изготвил: Викторија Инџекарова

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов


ДЕЛ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА БР.3 „ГОРНО МААЛО"
Пиринска
Улица
Маркс
Карл
ОСУМГОДИШНО УЧИЛИШТЕ
КЛУБ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ
САМОПОСЛУГА
ul. "Sutjeska"
Граница на предлог
плански опфат

II. ИЗВОД ОД ОСНОВНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Основниот урбанистички план предвидува да просторот на разработката на детален урбанистички план и припаѓа на месната заедница "Горно мало".

Месната заедница "Горно мало" зафаќа простор од центарот на градот, ул. "Пиринска", "Автокоманда" I и II" се до улица "Сутјеска" и населбата "Исарот" со површина од околу 49 ха, со околу 7600 жители.

За оваа месна заедница потребно е, покрај другите градски и регионални содржини, да се предвидат погодни површини за изградба на осумгодишно училиште, две детски градинки, локален снабдевачки центар соодветно зеленило и други потребни површини и содржини за потреби на населението како што се: трговски и занаетчиски дуќани, амбуланта, клубови за аматерска дејност, клубови за пензионери, клубови за млади, библиотека простор за месна заедница, повеќе наменска сала и слично.

Поголем дел од поросторот за кој се изработува деталниот урбанистички план, во основниот план е зацртан како соединение на две функции: градски центар и становање.

Останатиот дел е наменет за становање или е зафатен исклучиво за градски функции.

- Урбанистичко архитектонски одредби

1. Објектите во основа ќе се реализираат со габаритите кои се вцртани во графичкиот дел.

2. Може да се дозволи проширување на ѓабаритот максимум до 1 м. во двата правци доколку тоа не предизвикува лоши последици за околните објекти или не го стеснува просторот на улицата, пешачкиот пролаз или друг заеднички простор.

3. Висината на објектот е обележена во графичкиот дел и се однесува на соодветна фасада. Може да се дозволи изградба на подкровје доколку тоа не смета на околните објекти.

4. Помошни простории, гаражи, подруми треба да се проектираат во склоп на објектот. Може да се дозволат и надвор од објектот доколку во објектот нема услови за тоа, а во дворното место постои погоден простор.

5. Во просторот меѓу улиците "Иво Лола Рибар", "29 Ноември" и "Ванчо Прќе" со обиколната улица, се предвидува, пред реализација на објектите, да се одземаат дворовите и тое да се користат наменски, како што е зацртано во графичкиот дел, за заеднички цели.

6. При давање одобрење за градба, односно локација, на парцелите каде треба да се изврши корекција - проширување на улицата, обезбедување на пролаз, издавање на документот треба да биде условено со претходно соодветно одземање на земјиштето.

7. Крововите на сите објекти да бидат коси освен приземните објекти и приземните делови на објектите, кои можат да се користат како тераси.

8. Широчината на коловозот на улицата "Борис Кидрич" е 7 м. на ул. "Иво Лола Рибар", "Славчо Стојемнски" 6 м. а на останатите мали улици 5 или 4,5 м.

9. На местата каде што се приклучуваат колско пешачките улички на улици со одвоен коловоз да се изведе спуштен ивичњак.

10. Во просторот меѓу ул. "Иво Лола Рибар" и центарот на градот во сите нови објекти се предвидуваат продавници, дуќани или други простории од заеднички функции.

На овие простори тие функции имаат приоритет пред гаражите, односно гаражите можат да се проктираат само од споредните улички. Секој објект може да има само една гаража.

11. Самостојните гаражи и помошни простории можатда се предвидуваат само како укопани од една страна (на кос терен) а не и како слободностоеќи од сите страни.

12. При проектирањето изградба на објектите истите да да се прилагодуваат кон условите на теренот.

13. При изградба на стрми терени, да не се дозволува откопување.

14. Објектите што се наоѓаат во коридорот на тунелот се изведуваат поѕле неговата изградба.

15. На сите улици, колско пешачки и пешачки патеки да се изготви нивелационен план, а птоа изведбени проекти за улиците и инфраструктурни објекти (водовод, канализација, електрични кабел, осветление и ПТТ).

16. При издавање на локацијата да не се решава парцијално еден објект, туку да се обработуваат комплекси на објекти а поедината локација да биде извод од комплексното решение. Ова особено е значајно во деловите кај што се одземат дворните места а повеќе индивидуални објекти се слепени.

17. При изведување на објектите (улици, згради, слободни простори) да се обезбеди стручен надзор со примање на висинските и други коти на поедини фази на изградба (за зградите-темели, плочи; за улици-постелицата, исколчен ивичњак).
18. На сите погодни места особено кај зелените простори и детските игралишта да се проектираат и постават клупи за седење.
19. На сите улици и сите други заеднички простори на соодветно растојание 20-30 м. да се постават кантички за отпадоци.
20. На сите погодни места а особено кај широчините, зелените простори и детските игралишта да се постават чешми за пиење.
21. Трафики, огласни табли можат да се поставуваат само на места каде што има доволно простор за несметано поминување и застанување на купувачите, односно гледачите.
22. Сите улици, колско пешачки и пешачки пролази да се обележат со вертикална и хоризонтална сигнализација (сообраќајни знаци) и тие редовно да се одржаваат.
23. Сите објекти да се проектираат и изведуваат према постојните технички прописи и норми за трусно подрачје од IX степени по MCS скалата.
24. На сите погодни места да се проектира и изведува зеленилото, карактер и вид на зеленило ќе биде прикажан во посебен прилог.
25. На сите објекти (згради, улици, зелени и слободни простори) да се издаваат локации со урбанистички услови а проектите да се потврдуваат со урбанистичка согласност.

V. ГЛАВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА КОНЦЕПЦИЈАТА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

1. Сообраќај

Просторот за разработка на деталниот урбанистички план обиколен е со улици од I и II степен (артеријални- ул. "Партизанска" и ул. "Гоце Делчев" и секундарни или колекторски ул. "Ванчо Прќе" обиколната улица, ул. "Вардарска". Просторот е воглавно наменет за становање, но неговиот јужен дел кој се спојува со центарот, како и ул "Борис Ќидрич" како сврзник на градскиот центар со неговиот дел во нас. "8-ми Ноември" имаат функции и од градски карактер.

Обиколните улици се наменети воглавно за транзитен, колски сообраќај, додека внатрешните улици се третирани да му служат првенствено на пешакот, имаат широки тротоари со проширенија, слободни простории, места за застанување или седење, додека коловозите се тесни со мали остри радиуси и поголеми надолжни падови.

За да се ослободи улицата Борис Кидрич од тежок транзитен сообраќај се предвидува тунел кој ќе ги поврзе ул. "Ванчо Прќе"(кај аптеката) со ул. "Вардарска" (кај стамбените згради). Со оваа решение

ул. "Борис Кидрич" ќе биде само пешачко пристапна и трговска улица.

Се предвидува и населбата "Исарот", бидејќи ќе припаѓа на истата месна заедница, да биде поврзана со улица на мостот над ул. "Гоце Делчев", со што физичката врска на двете населби ќе се зголеми и ќе се избегне компликована врска на нас. "Исарот" со центарот и останатите делови на градот, а школските деца ќе можат безбедно да пешачат до училиште.

Освен улица "Борис Кидрич" трговски и воглавном пешачки ќе бидат улиците Иво Лола Рибар, а и комплекс на улиците на јужната падина под станбената зграда.

Останатите улици се со помал профил; поважните се проектирани како стандардни улици со коловоз од 4-5 м. и тротоар од минимум 1 м. со проширувања во колку конкретните услови тоа го дозволуваат Останатите улички се или колско-пешачки, најчесто стрми, или во колку се изузетно стрми-исклучиво пешачки. Пешачките улици се со скали, кои се поставуваат и на деловите (дворишта, ширини со седење) кои се наменети за одмор и до кои не треба да има можност да допре автомобилот.

Треба да се подцрта, дека ширината на вкупниот уличен простор без обзир дали улицата е стандардна колско пешака, или само пешачка не треба да дојде во прашање при реализацијата на планот. Тоа е еден од непроменливите, цврсти елементи кои ни во име на флексибилност не треб да бидат загрозени.

2. Становање

Во просторот на разработка на деталниот урбанистички план живеат денес околу 4500 жители. Се предвидува во месната заедница бр.3 ("Горно мало") во иднина да живеат околу 7600 жители. Густината на населеноста битно нема да се промени, но се рачуна на заначително подобрување на квалитетот на становање и живеење.

Во однос на начин на становање прифатена е концепцијата, за која се произнесле и поголем број на анкетираните граѓани, во што поголем степен да им се овозможи на жителите, во рамките на сопствени средства и личен труд, да придонесаат за ревитализација на населбата.

Затоа најголем дел на стамбените површини се зацртани под индивидуална изградба со висина од П + 2 и П + 1.

./.

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

4. СТУДИИ, ЕЛАБОРАТИ И РАБОТНИ МАТЕРИЈАЛИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ РЕЛЕВАНТНИ ЗА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА КОНКРЕТНИОТ ПЛАНСКИ ОПФАТ

Во граници на планскиот опфат, постојат студии, елаборати и работни материјали од сите области релевантни за урбанистички планирање, за конкретниот опфат.

За предметниот плански опфат изработена е ажурирана геодетска подлога, изработена од “Алфа Геодет Прима“- Штип.

5. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА РАЗВОЈОТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА И НИВНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето. релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др. Локалитетот се наоѓа на подрачјето на КО Штип-3, Општина Штип.

5.1 Географски карактеристики на Општина Штип

Општината Штип се наоѓа во средното сливно подрачје на реката Брегалница, во центарот на Источна Македонија, 41о35 15" и 41о45 25 " северна географска ширина. Има површина од 810 км2 на која, според пописот од 2002 година, живеат 47 796 жители. Го зафаќа просторот околу Исарот. Подрачјето претежно е со планинска и ридска местоположба. Просечната висинска разлика, помеѓу планинските сртови и рамнинските предели по теченијата на реките, изнесува 1 300, а средната надморска висина е 250 метри.

Општина Штип лежи во средното сливно подрачје на реката Брегалница. Се граничи со седум општини и тоа: Радовиш, Конче, Неготино, Градско, Лозово, Свети Николе и Карбинци, со добра местоположба и патна поврзаност. Општината се одликува со претежно планински и ридски релјеф, како и умерено-континентална клима, со одредено влијание на изменета средоземна клима. Рељефната структура ја детерминира поволната положба на Штип во регионот во однос на сообраќајните врски кои се насочени во природно погодните простори за комуницирање.

5.2. Геолошки карактеристики на Општина Штип

Планскиот опфат кој е предмет на разработка и поширокото подрачје на градот има сложена геолошка градба. На исток и североисток во Ежово Поле и Пребег терените се изградени од песочници, глини, лапори и варовници. Ридовите Мерите, Исарот и Кумлак се составени од гранити, а месноста Плуждино од лапоровити глини, песоци и чакали Од делувијални и полувијални седименти изградени се терените кај месноста Летиште, додека со алувијалните наноси се покриени терените по долината на река Брегалница.

Според физичко-механичкото својство се среќаваат:

- неврзани стени, претставени со алувијални седименти по долината на река Брегалница и делувијални седименти кај месноста Летиште;
- слабо врзани стени, претставени со гранити по ридчестите терени на Мерите и Кумлак и флишните седименти северно од градот. Според инжењерско-геолошките карактеристики, а имајќи ја предвид стабилноста,терените се издвоени во
- претежно стабилни терени,изградени од гранити и карбонатни стени со постојани физичко-механички својства;
- претежно условно стабилни терени во кои спаѓаат вулканските палеогени седименти, флишните и алувијално - делувијалните седименти, а поседуваат релативно ниски физичко-механички својства;
- претежно нестабилни терени со слабо врзани неогени глини, палеогени флишни седименти со ниска вредност на физичко-механичките својства.

5.3 Сеизмички карактеристики на Општина Штип

Градот Штип како дел од Источна Македонија се граничи со две сеизмички најмаркантни, а може да се каже најпознати зони на Балканот, Вардарска сеизмичка зона на запад и Струмичка сеизмичка зона на исток.

Локацијата која е предмет на разработка се наоѓа во зона со VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

5.4. Климатски карактеристики на Општина Штип

Предметната локација се наоѓа во дел од индустриската зона во Општина Штип, а се наоѓа во северозападниот дел на Општина Штип. Климата на овој простор е условена од реката Брегалница, планината Плачковица и од ветровите. Подрачјето на Општина Штип се карактеризира со умерено-континентална клима и со одредени влијанија на изразито медитеранска клима преку долината на реката Брегалница.

Температура

Просечната годишна температура на воздухот изнесува 13.0оС

Просечен годишен минимум од 11.7оС и просечен годишен максимум од 14.3оС. Најтопол месец е јули со 24.1оС, а најстуден јануари со 1.3оС. Апсолутен максимум на температурата на воздухот е забележан на 24.07.2007 година од 43.5оС, апсолутен минимум на температурата на воздухот е забележан на 26.01.1954 година од -22.7оС. Просечната зимска температура изнесува 2.6оС, пролетната температура изнесува 12.6оС, летната просечна температура изнесува 23.2оС и просечната средна есенска температура изнесува 13.6оС.

Врнежи

Просечната годишна сума на врнежи изнесува 473.3мм, и тоа најмногу во мај со 56.0мм, а најмалку во февруари 29.8мм. Зимскиот период паѓаат просечно 101.9мм, пролетниот период паѓаат просечно 128.2мм, летниот период просечно паѓаат 111.6мм, а во есенскиот просечно паѓаат 132.9мм.

Годишен просек на влажноста на воздухот изнесува 67%.

Ветрови

Во Штипската котлина најчест ветер е северозападниот правец кој дува со честина од 196 , брзина од 3.6m/s и јачина од 10 бофори што е и најсилен ветер заедно со југоисточниот ветер кој е втор по честина од 179 и со брзина од 3.8m/s што е најголемата брзина. Ветер со најмала честина е источниот со честина од 18 , 2.9m/s и јачина од 8 бофори.

Осончување

Должината на траење на сончевиот сјај изнесува 2376.9 часови годишно или просечно дневно 6.5 часа што овозможува и поголем избор на ориентации на објектите.

Вегетација и пејсаж

Вкупниот впечаток кој од вегетациски аспект создава пределот е сиромашен и пуст, обезшумен, доминантно земјоделско земјиште.Пејсажите во ниските делови на Плачковица не се особено вредни поради еродираноста на површините и оголеноста.

Пејсажот во повисоките делови на Плачковица е многу поинтересен, а вегетационите климатски карактеристики го создаваат најатрактивниот излетничко рекреативен простор во Општината. Најинтересни и најатрактивни пејсажи во градот се речните текови на река Брегалница и река Отиња.

5.5. Хидролошки карактеристики на Општина Штип

Штип лежи на устието на река Отиња во река Брегалница.

Река Брегалница со проток 17,9 м3/сек е главен рецепиент на водите во ова подрачје.

Реката Отиња (0,16м3/сек) извира од планината Плачковица, прима неколку водотека узводно од Штип и се влева во река Брегалница на 262м надморска височина. Има карактер на пороен водотек, со големи води и голем можен пороен материјал.

Поблиското подрачје на градот е сиромашно со природни извори на вода. Се среќава само еден извор со издашност од 1л/сек..

Југоисточно од градот, на десниот брег на река Брегалница има појава на термални води, во локалитетот Кежовица и Л и.

Изворите во обата локалитета имаат мала издашност 1-1,5л/сек со температура од 52-60 степени, а во бушотините е добиен капацитет од 20л/ сек. Локалитетот Кежовица денес е бањско рекреативен центар.

Во подрачјето се среќаваат 14 суводолици со пороен карактер кои се уште не се регулирани. Расположени се претежно во североисточниот дел на поширокото подрачје на градот.

Подземни води

Подземните води не се истражувани, меѓутоа се претпоставува дека насоката на природниот одвод го следи токот на површинските води.

Нивото на подземните води е со длабочина 0-2м и истите негативно влијаат врз развојот на ширењето на градот.

Што се однесува до снабдување на градот Штип со вода за пиење истиот не е поврзан со регионалниот водовод.

1. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТОТ НА ЧОВЕКОТ И НАЧИН НА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ОД СТРАНА НА КОРИСНИЦИТЕ

Начинот на употребата на земјиштето во рамките на планскиот опфат е условен од создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата. Тука пред се, се мисли на чинителите од демографски стопански, економски и сообраќаен аспект.

Со добрата сообраќајна врска, демографскиот раст и развој, економскиот раст на производството, се развива малото стопанство и потребата од изградба на нови и проширување на постојните капацитети, како и стварање услови за планирање на организирани простори на градба кои ке бидат реализирани од страна на корисниците на земјиштето. Ова условува потреба од нови опфати со вакви содржини кои го детерминираат начинот на употребата на земјиштето во рамките на проектенот опфат.

6.1. Инвентаризација и снимање на зеленило и на изграденият градежен фонд и вкупната физичка супраструктура

Просторот е дефиниран за изработка на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од урбана четврт ЦЕ.01, КО Штип 3, Општина Штип; плански опфат на ул.”Пиринска”, ул.” Вардарска”, ул.” Иво Лола Рибар”, ул.” Добре Радосављев” и ул. ” 19-та Бригада”. За целосно согледување на постојната состојба, во границите на опфатот извршени се детални истражувања на просторот. Истражувањата на локалитетот се извршени по пат на:

- директен увид на теренот и
- информација од сопствениците на просторот

Во предметниот опфат при инвентаризација на содржините и функциите на теренот евидентирани се повеќе објекти со различна намена. Анализата на инвентаризаниот градежен фонд, во поглед на намената на објектите, состојбата на амортизираност, конструктивниот систем во кој се изведени, ги презентира следниве резултати:

Намена на објекти

А1 - Домување во куќи

Б4 - Деловни и комерцијални дејности

Е1 - Сообраќајни, линиски и други инфраструктури

По - Помошен објект

Состојба на објекти

Објектите во опфатот се во добра состојба. Објектите кои се како помошни, монтажни објекти во рамки на парцелите, се во средна состојба.

Констурктивен систем

Конструктивниот систем на дел од објекти е армирано-бетонски скелетен систем, дел од објектте се изведени со челична конструкција, додека останатите (помошни) објекти се монтажни.

Висини на објекти - Катност

Објектите во опфатот се со различна катност, поради тоа ја има следната поделба за катност на дадена катастарска парцела :

- КП.5280 - катност По+П+1 (Објекти со намена А1), катност П (Објект со намена По)
- КП.5119 – катност По+П+1 (Објекти со намена А1), катност П (Објекти со намена По),
- КП.5118/1 – катност По+П+1 (Објекти со намена А1), катност П (Објекти со намена По) ,
- КП.5120 – катност По+П+1 (Објекти со намена А1), катност П (Објекти со намена По) ,
- КП.5122 – катност П+1 (објект А1), катност П (Објекти со намена По) ,
- КП.5123 – катност Су+П+1 (Објект А1), катност П (Објекти со намена По) ,
- КП.5124/1 – катност Су+П+1+МА (Објект А1), катност П (Објект По),катност П+1 (Објект Б4)
- КП.5124/2 – катност П (Објекти со намена А1),
- КП.5146– катност По+П+1 (Објекти со намена А1),

- КП.5147 – катност П+2 (Објекти со намена А1), катност П (Објекти со намена По) ,

- КП.5148 – катност По+П+1 (Објекти со намена А1),
- КП.5149 – катност П+1 (Објекти со намена А1),
- КП.5150/1– катност По+П+1 (Објекти со намена А1),
- КП.5151 – катност По+П+1 (Објекти со намена А1),
- КП.5152 – катност П (Објекти со намена А1 и По),
- КП.5152/1 – катност Су+П+1 (Објект со намена А1), катност П (Објекти со намена По)
- КП.5154 – катност По+П+1 (Објекти со намена А1),
- КП.5155 – катност П(Објекти со намена А1),
- КП.5156 – катност П+1 (Објекти со намена А1),
- КП.5157 – катност Су+П (Објекти со намена А1),
- КП.5159 – катност П (Објекти со намена А1),
- КП.5160/1 – катност Су+П (Објекти со намена А1),
- КП.5160/2 – катност П (Објекти По)
- КП.5161 – катност П (Објекти По)
- КП.5191/2 – катност Су+П+1 (Објект со намена А1),
- КП.5191/3 – катност Су+П (Објекти со намена А1), катност П (Објекти По)
- КП.5193 – катност По+Су+П (Објект со намена А1), катност П (Објекти По)
- КП.5193/1 – катност П (Објект со намена А1),
- КП.5194 – катност П+По (Објект со намена А1),
- КП.5195 – катност Су+П (Објекти со намена А1)
- КП.5196 – катност П+1 (Објекти со намена А1)
- КП.5282 – катност Су+П+1 (Објект со намена А1),
- КП.5305 – катност П+1 (Објект со намена А1), катност П (Објекти По)
- КП.5306 – катност Су+П+1 (Објект со намена А1), катност П (Објекти По)
- КП.5307/1 – катност П+1 (Објекти со намена А1)
- КП.5308– катност П (Објекти со намена А1)
- КП.5309 – катност П (Објекти со намена А1)
- КП.5310 – катност П (Објекти со намена Е3)
- КП.5313/1 – катност По+П (Објекти со намена А1)
- КП.5313/2 – катност П (Објекти со намена А1)
- КП.5313/3 – катност П+1+ГЛ (Објекти со намена А1)
- КП.5312 – катност По+П (Објекти со намена А1)

- КП.5313/1 – катност По+П (Објекти со намена А1)
- КП.5313/2 – катност П (Објекти со намена По)
- КП.5314 – катност По+П+1 (Објекти со намена А1)
- КП.5315/1 – катност П (Објекти со намена А1)
- КП.5316/1 – катност По+П+1 (Објекти со намена А1), катност П (Објекти По)
- КП.5317/2 – катност П (Објекти со намена А1)
- КП.5318 – катност Су+П+1 (Објект со намена А1), катност П (Објекти По)
- КП.5319 – катност По+П+1 (Објекти со намена А1), катност П (Објекти По)
- КП.5320/1 – катност П+1 (Објекти со намена А1)
- КП.5323 – катност П (Објекти со намена А1) , катност П (Објекти По)
- КП.6508 – катност П (Објекти со намена А1) , катност П (Објекти По)
- КП.6509 – катност П (Објекти со намена А1)
- КП.6510 – катност П (Објекти со намена А1)
- КП.6511 – катност П (Објекти со намена А1) ,
- КП.6512 – катност Су+П (Објекти со намена А1) ,
- КП.6513 – катност П+1 (Објекти со намена А1) ,
- КП.6514/1 – катност П (Објекти со намена А1) ,
- КП.6514/1 – катност Су (Објекти со намена Б1) ,
- КП.6515/1 – катност По+П (Објекти со намена А1) ,
- КП.6515/2 – катност П (Објекти со намена А1) ,
- КП.6515/5 – катност П (Објекти со намена А1) ,
- КП.6516 – катност П (Објекти со намена А1) ,
- КП.6517/1 – катност П+1 (Објекти со намена А1) ,
- КП.6517/2 – катност П (Објекти со намена А1) ,
- КП.6517/3 – катност П (Објекти со намена По) ,
- КП.6518 – катност П (Објекти со намена А1) ,
- КП.6519 – катност По+П+1+Ма (Објекти со намена А1) , катност П (Објекти По)
- КП.6520 – катност По+П+1 (Објекти со намена А1) ,
- КП.6521/1– катност П+1 (Објекти со намена А1), катност П (Објекти По)
- КП.6521/2– катност П (Објекти со намена А1),)
- КП.6522/1– катност По+П (Објекти со намена А1), катност П (Објекти По)
- КП.6522/3– катност П (Објекти со намена А1),
- КП.6523/1– катност П (Објекти со намена А1),
- КП.6524– катност П (Објекти со намена Б4),
- КП.6664– катност Су+П (Објекти со намена А1),

- КП.6665/1– катност По+П(Објекти со намена А1), катност П (Објекти По)
- КП.6665/2– катност П (Објекти со намена По),
- КП.6667/1– катност П (Објекти со намена По)
- КП.6667/2– катност П (Објекти со намена А1)

Нумерички податоци според постојна состојба - инвентаризација на изграден градежен фонд

Бр. на КП	Бр. на објект	Класа на намена	Намена на објект	Катност на објект	Површина на КП - m²	Површина на градба - m²	Бруто површина - m²	Квалитет на градба
5280	1	А1	Домување во куќи	По+П+1	591	153	276	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	По		75	64	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5119	1	А1	Домување во куќи	По+П+1	578	130	186	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		39	33	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	По	Помошен објект	П		23	27	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5118/1	1	А1	Домување во куќи	По+П+1	531	124	183	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		30	21	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	По	Помошен објект	П		27	27	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5120	1	А1	Домување во куќи	По+П+1	466	141	189	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		53	45	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5122	1	А1	Домување во куќи	П+1	403	116	162	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		53	40	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5123	1	А1	Домување во куќи	Су+П+1	200	54	133	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		34	12	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	А1	Домување во куќи	П+1		97	80	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	4	По	Помошен објект	П		15	15	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5124/1	1	А1	Домување во куќи	Су+П+1+МА	328	145	318	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		24	19	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	По	Помошен објект	П		17	11	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	4	Б-4	Деловни простории	П+1		47	35	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	5	По	Помошен објект	П		14	14	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	6	По	Помошен објект	П		6	5	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5124/2	1	А1	Домување во куќи	П	25	7	10	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5146	1	А1	Домување во куќи	По+П+1	255	75	101	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П+1		13	19	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5147	1	А1	Домување во куќи	П+2	324	108	244	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		19	12	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	По	Помошен објект	П		16	14	среден квалитет на градба
5148	1	А1	Домување во куќи	По+П+1	240	113	239	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5149	1	А1	Домување во куќи	П+1	144	54	71	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		29	25	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5150/1	1	А1	Домување во куќи	По+П+1	139	53	77	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5151	1	А1	Домување во куќи	По+П+1	369	166	232	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		20	16	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5152/1	1	А1	Домување во куќи	Су+П+1	349	118	203	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		55	66	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	По	Помошен објект	П		13	10	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5154	1	А1	Домување во куќи	По+П+1	121	121	171	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5155	1	А1	Домување во куќи	П	81	17	17	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5156	1	А1	Домување во куќи	П+1	129	72	111	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5157	1	А1	Домување во куќи	Су+П	79	34	65	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5159	1	А1	Домување во куќи	П	94	37	37	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		16	16	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5160/1	1	А1	Домување во куќи	Су+П	81	68	81	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5160/2	1	По	Помошен објект	П	12	12	12	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5161	1	А1	Домување во куќи	П	137	56	44	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		29	24	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5191/2	1	А1	Домување во куќи	Су+П+1	93	93	93	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5191/3	1	А1	Домување во куќи	Су+П	110	23	47	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		17	14	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5193	1	А1	Домување во куќи	Су+П+По	140	66	124	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	Су		12	11	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5193/1	1	А1	Домување во куќи	П	73	50	38	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5194	1	А1	Домување во куќи	П+По	156	86	84	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5195	1	А1	Домување во куќи	П	112	66	56	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	Су+П		19	23	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5196	1	А1	Домување во куќи	П	112	62	36	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П+1		91	162	среден квалитет на градба /скелетен систем/

5282	1	А1	Домување во куќи	Су+П+МА	363	154	207	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5305	1	А1	Домување во куќи	П+1	455	104	127	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		41	37	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	А1	Домување во куќи	П		30	37	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5306	1	А1	Домување во куќи	Су+П+1	192	71	192	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		19	14	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	По	Помошен објект	Су		18	15	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5307 /1	1	А1	Домување во куќи	П+1	249	96	139	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П+1		22	16	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5308	1	А1	Домување во куќи	П	341	24	34	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		12	9	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	А1	Домување во куќи	П		18	17	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	4	А1	Домување во куќи	П		82	66	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	5	А1	Домување во куќи	П		3	2	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5309	1	А1	Домување во куќи	П	98	17	17	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5310	1	Е3	Специјални неквалификувани инфраструктури	П	767	380	380	добар квалитет на градба
5313 /1	1	А1	Домување во куќи	По+П	87	50	57	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		9	27	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5313/2	1	А1	Домување во куќи	П	66	35	35	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		19	19	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5313/3	1	А1	Домување во куќи	П+1+ГЛ	71	53	153	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5312	1	А1	Домување во куќи	П+По	345	76	76	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5313 /1	1	А1	Домување во куќи	П+По	196	103	103	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5313/2	1	По	Помошен објект	П	30	9	9	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5314	1	А1	Домување во куќи	По+П+1	282	107	236	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5315 /1	1	А1	Домување во куќи	П	406	67	67	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		21	21	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	А1	Домување во куќи	П		7	7	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	4	А1	Домување во куќи	П		9	9	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5316	1	А1	Домување во куќи	По+П+1	248	117	203	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		25	21	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5317 /1	1	А1	Домување во куќи	П	281	49	34	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		30	24	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	А1	Домување во куќи	П		21	21	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5318	1	А1	Домување во куќи	Су+П+1	233	92	227	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		18	14	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5319	1	А1	Домување во куќи	По+П+1	174	75	141	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		16	11	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5320 /1	1	А1	Домување во куќи	П+1	116	97	173	среден квалитет на градба /скелетен систем/
5323	1	А1	Домување во куќи	П	61	32	23	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		19	14	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6508	1	А1	Домување во куќи	П	103	79	46	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		4	3	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6509	1	А1	Домување во куќи	П	47	47	32	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6510	1	А1	Домување во куќи	П	100	45	45	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		28	28	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	А1	Домување во куќи	П		16	16	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6511	1	А1	Домување во куќи	П	36	27	24	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6512	1	А1	Домување во куќи	Су+П	32	32	48	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6513	1	А1	Домување во куќи	П+1	184	49	85	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6514 /1	1	А1	Домување во куќи	П	108	85	64	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6514/4	1	Б1	Мали комерцијални и деловни дејности	Су	48	19	15	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6515 /1	1	А1	Домување во куќи	П+По	114	77	64	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6515 /2	1	А1	Домување во куќи	П	17	17	49	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6515 /5	1	А1	Домување во куќи	П	42	42	42	
6516	1	А1	Домување во куќи	П	98	35	21	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		25	25	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	А1	Домување во куќи	П		14	11	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	4	А1	Домување во куќи	П		16	15	среден квалитет на градба /скелетен систем/

6517 /1	1	А1	Домување во куќи	П+1	128	79	64	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П+1		17	28	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	А1	Домување во куќи	П+1		1	1	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6517 /2	1	А1	Домување во куќи	П	88	59	45	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6517 /3	1	По	Помошен објект	П	10	6	6	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6518	1	А1	Домување во куќи	П	12	7	7	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6519	1	А1	Домување во куќи	По+П+1+МА	114	73	215	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		6	4	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6520	1	А1	Домување во куќи	П	121	57	38	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	По+П+1		21	31	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	А1	Домување во куќи	П		15	11	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6521 /1	1	А1	Домување во куќи	П+1	186	62	162	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		29	22	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6521 /2	1	А1	Домување во куќи	П	30	5	3	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6522 /1	1	А1	Домување во куќи	По+П	298	131	108	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6522 /3	1	А1	Домување во куќи	П	206	93	79	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		36	27	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6523 /1	1	А1	Домување во куќи	П	204	54	105	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		27	25	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	А1	Домување во куќи	П		21	31	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	4	А1	Домување во куќи	П		25	19	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6524	1	Б2	Големи единици за трговија (над 200м2 и/или повеќе од П+1кат)	П	446	353	353	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6664	1	А1	Домување во куќи	Су+П	572	56	81	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		35	31	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	А1	Домување во куќи	Су+П		48	63	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	4	По	Помошен објект	П		32	27	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6665 /1	1	А1	Домување во куќи	По+П	244	67	53	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	А1	Домување во куќи	П		17	14	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	По	Помошен објект	П		8	6	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6665 /2	1	По	Помошен објект	П	46	8	4	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		7	5	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6667 /1	1	А1	Домување во куќи	По+П+1	220	54	182	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	2	По	Помошен објект	П		27	19	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	3	По	Помошен објект	П		21	6	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	4	По	Помошен објект	П		25	12	среден квалитет на градба /скелетен систем/
	5	По	Помошен објект	П		8	21	среден квалитет на градба /скелетен систем/
6667 /2	1	А1	Домување во куќи	П	12	7	7	среден квалитет на градба /скелетен систем/
				Вкупно	15,385.00	7.817.00	10,111.00	

Табела број 1 - Нумерички податоци за постојна состојба – намена на објекти

Нумерички податоци: Изградено - Неизградено земјиште		
	Површина	Процент
Изградено земјиште	7,817.00	35.36%
Неизградено земјиште	14,289.91	64.64%
Вкупно:	22,106.91	100%

Табела број 2 - Нумерички податоци за постојна состојба: однос изградено - Неизградено земјиште во рамки на катастерските парцели во планскиот опфат

Нумерички податоци: Намена на објекти		
Намена на површина	Површина	Процент
А1 - Домување во куќи	6,215.00	78.51%
Б4 - Деловни и комерцијални дејности	47.00	0.60%
Е3 - Специјални неквалификувани инфраструктури	380.00	4.86%
По - Помошен објект	803.00	10.27%
Б1 - Мали комерцијални и деловни дејности	19.00	0.24%
Б2 - Големи единици за трговија (над 200м2 и/или повеќе од П+1кат)	353.00	4.52%
Вкупно:	7,817.00	100%

Табела број 3 - Нумерички податоци за постојна состојба: однос изградено - неизградено земјиште во рамки на катастерските парцели во планскиот опфат согласно намена на постојни објекти

Урбанистичките показатели укажуваат дека предметниот локалитет е со процент на изграденост од 35,36%, што понатаму овозможува нивно соодветно зголемување.

За комуналната инфраструктура, водовод, фекална, атмосферска канализација и електро-енергетска инфраструктура евидентирано е следното:

На геодетската подлога, изработена од овластена фирма ажурирана е состојбата на просторот, со сите свои параметри на поставеност, димензии и висински точки на предметната локација и нејзината околина.

Во рамките на планскиот опфат констатирано е дека не поминува државен пат кој е во надлежност на Јавно претпријатие за државни патишта.

Пристапот до планскиот опфат е овозможен од четири страни, односно исток преку сервисна улица “Вардарска”, североозпад и север преку сервисна улица “Пиринска” и јужно преку сервисна улица „Иво Лола Рибар и јужно и западно јужно со станбена улица “19-та Бригада” “.

6.2. Инвентаризација и снимање на градби со режим на заштита на културно наследтство, постојни споменички целини, културни предели и др.

Согласно Законот за урбанистичко планирање е извршена инвентаризација и снимање на планскиот опфат и е констатирано дека во овој локалитет не постојат споменички целини и градби од културата.

Доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на Р.М, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на Р.М бр 20/40, 115/07 и 18/11).

Согласно известувањето од **Министерство за култура, Управа за заштита на кутурно наследство** со бр.17-2810/2 од 27.08.2024год. во границите на планскиот опфат не постои заштитено добро ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

6.3. Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура

- Согласно известувањето од **“ЕВН – ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА”, ДООЕЛ Скопје,** Друштво за дистрибуција на електрична енергија со бр. 10-23/4 – 470 од 20.08.2024год.., на предметната локација има:
  - 110(35)kV Трафостаница
  - 35kV Надземна мрежа
  - 10(20)kV Подземна мрежа
  - 0.4kV Надземна мрежа
- Согласно известување од **ЈП “Исар“, Штип**, со бр. 15-118 од 02.09.2024год., во овој проектен опфат има постоечки инсталации на водовод и фекална канализација кои се прикажани во ситуацијата дадена во прилогот.
- Согласно известување од **“Македонски Телеком” АД Скопје**, со бр: 64260 од 13.08.2024год., во границите на проектниот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог
- Согласно известувањето добиено од **АЕК – Агенција за електронски комуникации** со бр.1404-2601/2 од 29.10.2024г., во граници на планскиот опфат постојат изградени електронски комуникациски мрежи дадени во прилогот.
- Соглсно известувањето добиено од **АД Мепсо,** со бр. 11-5356/1 од 14.08.2024год**.** планскиот опфат не се пресекува со ЕЕ Објекти во сопственост на АД Мепсо.
- Соглсно известувањето добиено од **А1 Македонија ДООЕЛ, Скупје,** со бр. 11-4950/1 од 15.08.2024год**.** планскиот опфат има постојни подземни и надземни инсталации дадени во прилогот.

7. АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, СО АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМИ И СОСТОЈБИ ВО ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, СО АНАЛИТИЧКИ ОСВРТ НА СОСОТОЈБИТЕ ОД СОСЕДНИТЕ ПЛАНСКИ ОПФАТИ, ДОКОЛКУ ГИ ИМА

Еден од важните фактори за создавање на концепција на планот е анализата на постојната состојба на теренот. При изработка на деталниот урбанистички план

извршена е инвентаризација на градежниот фонд, согледување на состојбата на теренот и согледување на степенот на реализација на важечкиот урбанистички план.

Според Генералниот урбанистички план за град Штип, донесен со Одлука бр: 08-7987/1 од 31.12.2022 год. издаден со број 18-2492/2 од 10.04.2023 година, на предметниот плански опфат за дел од урбана четврт СЕ 05.02, се предвидуваат површини со намени:

1. А – Домување

Важечки урбанистички план надвор од предметниот опфат се:

- **ДУП: Дел од центар УМ 1 и 2**, донесен со одлука бр: 0701-3582/1 од 24.11.2006 и Одлука бр: 07-8707/1 од 10.12.2012год., со број 18-5570/2 од 13.09.2024 год.

Со овој Детален урбанистички план се планираат следните класи на намени:

- Административни објекти
- Заеднички станбени објекти
- Семејни куќи
- Услужни дејности
- Сообраќајници

Важечки урбанистички планови во предметниот опфат се:

ДУП: за дел од нас. Автокоманда дел од УБ.6, донесен со одлука бр: 0701-2152 /1 од 22.12.2004 и 08-2309/1 од 22.04.2019, со број 18-5569/2 од 10.09.2024год.

Со овој Детален урбанистички план се планираат следните класи на намени:

- Семејни куќи
- Колско- пешачки сообраќајници
- Собраќајници и тротоари
- Зеленило

ДУП: за улица “Вардарска“, донесен со одлука бр 0201-3826/1 од 16.12.1982, со број 18-4982/2 од 10.09.2024 год.

ДУП: на населба МЗ.3 Горно Маало, донесен со одлука бр. 0801-794/1 од 25.03.1985, со број 18-5571/2 од 10.09.2024 год..

8.ОЦЕНКА ЗА МОЖНОСТИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО ПРОГРАМСКИ ПРОЕКЦИИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД АНАЛИЗАТА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ПРОСТОРОТ

Коефициентот на искористеност и процентот на изграденост на земјиштето овозможуваат зголемување.

Сообраќајно локалитетот е дефиниран, но е потребно негово преиспитување и регулирање.

Водоводната мрежа на локалитетот е дефинирана.

Фекалната канализациона мрежа и атмосферска канализација во опфатот се дефинирани.

Можностите за просторен развој ги дефинираат насоките поставени како дел на развојот.

Со анализата на постојната состојба, потребите на градот, на предметниот локалитет, треба да се оценат и одредат можностите на порсторниот развој:

- во која насока е неопходниот развој;
- кои се ограничувачките фактори (тесни грла) на развојот;
- кои се реалните можности за развој.

Просторниот развој треба да се насочи кон понудување реално, економски издржано, еколошко квалитетно решение во областа на:

Појдовна основа за изработката на нивелманското решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот. Подолжните падови се движат во граници на дозволените и истите се дадени во графичките прилози за секоја улица.

6.5. Хидротехничка инфраструктура

Планскиот опфат што се обработува со овој ДУП за дел од урбана четврт ЦЕ.01, КО Штип 3, Општина Штип; плански опфат на ул.”Пиринска”, ул.” Вардарска”, ул.” Иво Лола Рибар”, ул.” Добре Радосављев” и ул. ” 19-та Бригада” е во рамки на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план за град Штип за плански период 2014-2029.

Вкупната големина на планскиот опфат изнесува F=2,21ha. односно 22106,91 м2

Намените во планскиот опфат утврдени со ГУП се следните:

1. А – Градби за домување и престој на луѓр

6.5.1. Водоснабдување

Во рамките на планскиот опфат постои изведен водовод ре Ø20мм. до Ø250мм. кој се движи од исток кон запад по планскиот опфат, паралелно со парцелите по сервисните и пешачките улици и пешачките патеки со што приклучокот до сите парцели е изведен од овде.

Исто така, постои изведен довод на техничка вода до јужниот крај и западниот дел на границата на планскиот опфат.

F - Вкупна големина на плански опфат

водоснабдителна норма (Qo) = 250 l/den/ha

коефициент a1 (коефициент на дневна нерамномерност) = 1,5

коефициент a2 (коефициент на часова нерамномерност) = 1,3

- **Максимална дневна потрошувачка на вода**

Qsr/den = F x Qo = 2,21 x 250 = 552,5 m3/den

Qmax/den = Qsr/den x a1 = 552,5 x 1.5 = 828,75 m3/den = 828750 l/s

- **Максимална часова потрошувачка на вода**

Qmax/cas = Qmx/den x a2 / 24 = 828750x 1.3 / 24 = 44890,63 l/h

- Максимална потрошувачка на вода во секунда

qmax= Qmax/cas / 3600 = 44890,63 / 3600 = 12,47 l/s

- **Потребно количество на вода за гасење на пожар - qdov/poz**

t - времетраење на работа на довод - 24 h

t1 - времетраење на пожар - 2 h

n - број на истовремени пожари - 1

qpoz = 5 l/s

qdov/poz = Qmax/den / t x 3600 + n x t1 x qpoz / 24

qdov/poz = 828750/ 24 x 3600 + 1 x 2 x 5 / 24 = 9,59+ 0.41 = 10,00 l/s

Вкупна количина на вода која оди во водоснабдителниот систем

Q = qmax + qdov/poz = 12,47 + 10,00 l = 22,47 l/s

Вкупната количина на вода потребна за водоснабдување на планскиот опфат се добива како збир од максималната часова потрошувачка на вода и количината на вода потребно за гасење на пожар. Оваа потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира преку постојната и новопроектираната дистрибутивна водоводна мрежа.

При изработка на Основните проекти за сите градби, неопходно е да се обезбеди простор за шахти за приклучоци кон комунална инфрастурктура (водовод, канализација), кои ќе бидат лоцирани непосредно до регулациона линија. Потребно е да се овозможи непречен пристап до овие шахти за техничките служби на претпријатијата кои стопанисуваат со комуналната инфраструктура.

Усвоен е цевковод од политиленски цевки PE20 до 250mm.

Водоснабдувањето на објектите во планскиот опфат се предвидува да се врши со поврзување на опфатот со постоечките главни водови Ф200 и Ф250 на сервисната улица Вардарска, сервисна улица “Иво Лола Рибар” и сервисна улица “Пиринска”.

6.5.2. Канализација

По однос на канализација се планира изградба на сепаратен систем на канализација т.е. изградба на посебна канализациска мрежа за атмосферски води како и посебна канализациска мрежа за фекална канализација.

При проекција, одделните канализациски системи се усвоени од надморската висина на локалитетот, од положбата во однос на реципиентот и од експозицијата на теренот.

Канализирањето е предвидено да се врши гравитациски.

Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, која ќе се состои од канали кои што ќе се водат по планираните сообраќајници.

6.5.3. Фекална канлизација

Количината на фекалните отпадни води која е се канализира се пресметува како 80% од употребената вода, зголемена за 10% поради инфилтрација на подземни води.

Qfek = 0.8 x F x Qo x a1 x a2 x 1.1 / 24 x 60 x 60 l/s

Qfek = 0.8 x 2,21 x 250x 1.5 x 1.3 x 1.1 / 86400

Qfek = 948,09 / 86400

Qfek = 0.011/s

Според планската документација за опфатот, по предвидените улици постоечката фекална канализација е изведена од пластични ПП канализациони цевки со минимален дијаметар DN200mm до DN250mm. и армитанобетонски шахти. Предвидената канализациона мрежа од парцелите гравитационо ќе се поврзе на веќе изградената канализациона мрежа и преку неа фекалните отпадни води ќе се одведат до планираната ПСОВ на град Штип.

Хидрауличките пресметки за добивање на точните димензии на фекалната канализациона мрежа ќе бидат дадени во основен проект и ќе бидат условени од конфигурацијата на теренот и неговиот пад. На тој начин ќе се добијат и потребните параметри за димензионирање на мрежата со потребни пресеци и падови.

6.5.4. Атмосферска канализација

Местоположбата на атмосферската канализација е предвидена да биде под сообраќајниците. Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, во зависност од сливната површина, интензитетот на дождовите и отечниот коефициент.Отпадните атмосферски води од планскиот опфат од кровните површини на објектите, од површините на улиците, од зелените површини ќе бидат прифатени и евакуирани во атмосферска канализација.

6.5.5 Урбано зеленило

Во планскиот опфат планиран е зелен сквер како засебна зелена површина.

Во секоја градежна парцела да се предвиди зеленило и застапеност на зеленилото во граница на една градежна парцела треба да изнесува мин. 20% од вкупната површина на градежната парцела.

Вкупно предвидено зеленило во планскиот опфат:

Д1 - Парковско и пејзажно зеленило	**Д1.2 - Јавно урбано зеленило**	80.35 m^2	0.36%
Д2 - Заштитно и сообраќајно зеленило	**Д2.1 - Линиско сообраќајно зеленило, разделно зеленило, заштитно сообраќајно зеленило на крстосници и јазли**	202.06 m^2	0.92%
Вкупно земјиштето за општа употреба		7,207.86m^2	32.61%

6.6. Електроенергетска и комуникациска инфраструктура и јавно осветлување

Согласно известувањето од “ЕВН – ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА”, ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија со бр. 10-23/4 – 470 од 20.08.2024год.., на предметната локација има:

110(35)kV Трафостаница

35kV Надземна мрежа

10(20)kV Подземна мрежа

0.4kV Надземна мрежа

На основа добиените графички прилози и останати потребни параметри пристапено е кон изготвување на планиран развој на електро-енергетски објекти и мрежи и телефонска мрежа.

Наменската употреба на градежното земјиште во границите на планскиот опфат е одредена со следните групи на класи на намени:

Б - Деловни згради

Е – Инфраструктури

А - Градби за домување и престој на луѓе

Д - Зеленило, рекреација и меморијални простори

Е – Инфраструктури со вкупна површина од 6,925.45м2 или 27,12% од вкупната површина на планскиот опфат

Б - Деловни згради со вкупна површина од 606.66м2 или 2,74% од вкупната површина на планскиот опфат

А - Градби за домување и престој на луѓе со вкупна површина од 13,786.68м2 или 62.36% од вкупната површина на планскиот опфат.

Површина на плански опфат изнесува 2,21 ха.

Елекротроенергетска инфраструктура за планскиот опфат

Во рамките на планскиот опфат има 1 трафостаница 110(35)kV Трафостаница.

Во рамките на планскиот опфат планирана е една градежна парцела (ГП 45), со основна класа на намена Е1.8-трансформаторски станици, која ја опфаќа постојната трафостаница.

Со оваа постојна трафостаница решено е електроенергетското напојување на градбите во опфатот.

Со разработка на секој блок се утврдува потребата од планирани трафостаници. Новопланираните трафостаници ќе се градат односно реализираат и поврзат на

среднонапонската мрежа во зависност од плановите на развојната програма на ЕВН Македонија - Скопје.

Локацијата за новите трафостаници ќе биде дефинирана во соработка со стручната служба на ЕВН Македонија - Скопје - Сектор за развој и инвестиции, а во согласност со постојните услови и планскиот концепт за електро снабдување.

Развојот на среднонапонската 10 кВ мрежа и нисконапонската кабловска 1кВ мрежа се планира да се изведе односно надгради на постојната со кабловски врски.

Прогнозата за потребна едновремена ел. снага и димензионирање на електроенергетската мрежа се определува према следните електроенергетски параметри:

А- Градби за домување и престој на луѓе..... 0,1 kW/м2

Б- Деловни згради 0,05 kW/м2

В - Јавни дејности и институции 0,2 kW/м2

Г- Рударство, енергетика, индустрија.....0,03 kW/м2

Д- Останати некласифицирани градби и градежни работи..... 0,035 kW/м2

Е- Инфраструктура..... 0,89 W/м2

-коефициент на едновременост..... 0,5

1. ДОМУВАЊЕ-А

0.1(kW/m2)x1,50x10000(m2)=1500(kw)

2. ДЕЛОВНИ ЗГРАДИ -Б

0.05(kW/m2)x0,08(ha)x10000(m2)= 40(kw)

3. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ -В

0.2(kW/m2)x0x10000(m2)=0(kw)

4.РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА -Г

0.03(kW/m2)x0x10000(m2)=0(kw)

5.ОСТАНАТИ НЕКЛАСИФИЦИРАНИ ГРАДБИ И ГРАДЕЖНИ РАБОТИ -Д

0.035(kW/m2)x0,03x10000(m2)= 9(kw)

6. ИНФРАСТРУКТУРА -Е

0.89(W/m2)x0,60 (ha) x10000(m2)=5340 (W)

Планскиот опфат изнесува 2,21ha .

Според горната пресметка потребата од електрична енергија е 1500+40+9+5340=6889kW ако се земе предвид и факторот на едновременост (0.5) потребата би била 3445 kW.

Точниот број и точната локација на новопредвидените трафостаници ќе се определи во понатамошната постапка на изготвување на техничка документација (урбанистички проекти, идејни и основни проекти за ел. мрежа), и во зависност од реализацијата на програмските определби на надлежно дистрибутивно претпријатие (ЕВН).

За да се поврзат новопредвидени трафостаници на среднонапонска (10 кВ) ел. мрежа, потребно е да се изготват ИДЕЈНИ ПРОЕКТИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА МРЕЖА од страна на овластени претпријатија во соработка на стручните склужби на надлежно дистрибутивно претпријатие (ЕВН).

6.6.1. Улично осветлување

Постои изградена инсталација за јавно осветлување на дел од сообраќајниците во граница на планскиот опфат.

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

• класа"В-2", споредни, локални

• класа "В", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри.

"В-2" (С)

• сјаност на коловозот Lm=1-1,5 cd/m2

• средна погонска осветленост Esr=15-25 Lx

• просечна рамномерност jr=40%

• висина на монтажа на светилките H=8m

• светлосен извор VTFE-250

• начин на поставување W еднореден

"В" - паркинг простори

• средна погонска осветленост Esr = 10-20 Lx

• просечна рамномерност jr = 25 %

• висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)

• светлосен извор VTFE - 250 W

• начин на поставување двореден (еднореден)

6.6.2 Комуникациска инфраструктура

Согласно известување од “Македонски Телеком” АД Скопје, Бр: 64260, од 13.08.2024год., во границите на проектниот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Согласно известувањето добиено од АЕК – Агенција за електронски комуникаци со бр.1404-2601/2 од 29.10.2024год. во граници на планскиот опфат постојат изградени електронски комуникациски мрежи дадени во прилогот.

Согласно известувањето добиено од А1 Македонија , ДООЕЛ Скопје со бр.11-4950 од 15.08.2024год. во граници на планскиот опфат постојат изградени електронски комуникациски мрежи дадени во прилогот.

Во населено место постои телефонска мрежа. Примарната телефонска мрежа е изведена со подземен телефонски вод, а секундарната телефонска мрежа е изведена со воздушни телефонски водови прицврстени на бетонски или дрвени столбови. Телекомуникациските коридори за новата инфраструктура се планирани да се поставуваат во површините на тротоарите и пристапните улици со надоврзување на постоечката мрежа.

Развојот на телефонската мрежа се планира да се изведе претежно како кабловска водена во земјени ровови и делумно во телефонска канализација до собирно распределителни ормани со дефиниран манипулативен простор со димензии 1,0м x 0,5м. Бројот и местоположбата на овие инфраструктурни објекти ќе биде дефинирана согласно развојните потреби на мрежата, во коридорот на тротоарот или надвор од коридорот на тротоарот (во зависност од конкретната ситуација и услови на теренот), а во соработка со стручните служби на Македонски Телеком АД Скопје. Приклучокот на сите телефонски претплатнички места ќе биде во најблиската автоматска дигитална централа.

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И СЛУЖАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

7.1. Општите услови за изградба се составен дел на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од урбана четврт ЦЕ.01, КО Штип 3, Општина Штип; плански опфат на ул.”Пиринска”, ул.” Вардарска”, ул.” Иво Лола Рибар”, ул.” Добре Радосављев” и ул. ” 19-та Бригада”

7.2. Со овие услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите од Генералниот урбанистички план и конкретните решенија во ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од урбана четврт ЦЕ.01, КО Штип 3, Општина Штип; плански опфат на ул.”Пиринска”, ул.” Вардарска”, ул.” Иво Лола Рибар”, ул.” Добре Радосављев” и ул. ” 19-та Бригада”

7.3. Се објаснуваат некои ставови за правилно спроведување на текстуалниот и графичкиот дел на планот, и се утврдуваат глобални смерници за изработка на плановите од понизок ред.

7.4. Во графичките прилози дадена е максимална висина на градба, која претставува планска одредба со која во урбанистички план се утврдува најголемата дозволена височина на градбата.

- Како висина на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри
- Како висината на највисока кота на градбата, кој се мери на највисокиот дел од затворениот габарит на градбата (од првостепена пластика), односно на највисока кота на покривот или слемето на кровот доколку се работи за кос кров, изразена во метри.
- Максималната висина на градбите покрај определување во должни метри, може да се дополнува и со бројот на катови или етажи.
- Поткровје или потпокривен спрат што во урбанистички план се планира како изградена површина чијашто намена е еднаква на намената на градбата, не се обележува во урбанистички планови и урбанистички проект посебно – како поткровје, туку како кат што влегува во бројот на вкупно одредените катови на градбата

7.6. Максимална височина на нулта плоча во однос на теренот – апсолутна кота на тотоарот е 1.20м. Минималната височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот е 0.15м.

7.7. Висината на кровот се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во метри. Височина на слеме е планска одредба која се уредува во урбанистички план како височински услов за градење на ниво на наменска зона, уличен фронт, блок или плански опфат односно градежна парцела, но само доколку

максималната височина на градење е уредена како височина до горен венец на градбата.

Височина на слеме на кровот на градбата може да се употреби како релативна кота која се мери од котата на горниот венец на градбата и ја претставува висината на кровната конструкција и покривот.

Височина на слеме може да се употребува како планска одредба во урбанистички план и како единствена височинска планска одредба односно како максимална височина на градење или како највисока кота од градбата.

Слеме е највисока точка на кровната конструкција или највисока хоризонтална линија на пресекот на рамнините што го формираат покривот или доколку се работи за едноводен кров тоа е линија на пресекот на наклонетата рамнина на кровот и вертикалната рамнина на фасадата на градбата.

Кога височината се одредува со параметарот височина на горниот венец, височината на слеме се одредува и мери од котата на горниот венец на градбата, а кога височината се одредува само со височината на слеме, таа се мери од котата на тротоарот или од пристапната или заштитната патека до градбата.

Доколку во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор, тој се третира рамноправно со другите спратови на градбата и се обележува и пресметува во постапката за спроведување на планот како регуларна спратна површина.

Во урбанистички план не се планира и обележува потпокривен простор како посебен вид на кат односно поткровје, туку како регуларен кат.

Во дозволената височина на слемето можно е формирање на повеќе типови на покриви од кои најчести се косите, рамните и мансардните покриви.

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите што се уредува со урбанистички план на ниво на плански опфат, блок или поединечна градежна парцела и тоа:

- кули, покривни бања, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации, и
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот

7.8. Во максимална висина на градба, за објекти од планскиот опфат, дадни се катни висини од: П до П+2 ката

7.9. Диспозиција на површина за градење во градежна парцела и нејзино растојание од граница на градежна парцела зависат од типот на градење, односно од начинот на групирање на градбите во блокот.

Растојанијата помеѓу површини за градење во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на коридорот или од меѓусебното растојание, височината на градбите од двете негови страни и видот на отворите на фасадите ориентирани кон коридорот, при што:

- на коридор дефиниран со две регулациони линии што се на меѓусебно растојание од 3,00 – 6,00 м површините за градење што се допираат со регулационата линија можат да бидат слепи ѕидови без отвори или да имаат само помошни отвори со парапет над 1,60 м, додека регуларни отвори со парапети под 1,60 м можат да имаат градбите чиишто површини за градење се оддалечени од регулационите линии најмалку 3,00 м,
- на коридор дефиниран со меѓусебното растојание на градбите од двете страни на коридорот кое изнесува од 6,00 – 16,00 м страните од градбите што се ориентирани кон коридорот можат да бидат со регуларни отвори со парапети под 1,60 м но со висина на градбите што не е поголема од широчината на коридорот,
- висините на градбите во градежни парцели што се поставени лице в лице од две страни на сообраќаен коридор зависат од широчината на просторниот коридор дефинирана како меѓусебно растојание на градбите од двете страни на коридорот, кои по правило изнесуваат најмногу до широчината на коридорот во приградски и периферни четврти на населеното место (В = Ш) и до две широчини на коридорот во централните четврти од населено место (В = 2Ш) за коридори поширoки од 18,00м.

7.10. Градежната линија ја означува ганицата на површината за градење. Градежна линија е планска одредба со која во урбанистички план и урбанистички проект се уредува границата во градежната парцела до која е дозволеното простирање на планираната градба односно ја дефинира просторната диспозиција на површината за градење во градежната парцела, а со тоа и просторната диспозиција на идната градба.

7.11. Градежна линија се спроведува со можни и дозволени пречекорувања на издадените елементи од архитектонска пластика на градбите: Во урбанистички план може да се предвидува дозволено пречекорување на градежната линија на првостепената и второстепената архитектонска пластика само над приземниот кат на градбата, додека помеѓу теренот и првиот кат може да се предвидуваат пречекорувања

само со одредени елементи од третостепената архитектонска пластика, кога за тоа постојат услови и не повеќе од 0,30 м.

Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела на сосед, не се одобруваат пречекорувања градежната линија со ниту еден вид архитектонски елементи и делови од градба.

Кога растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е 1,20 м, не се дозволени пречекорувања на градежната линија со еркери и други издадени делови на било која висина од вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со границата на градежната парцела, а доколку растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е поголемо од 1,20 м дозволените издадени делови не можат да бидат на растојание од границата на градежната парцела што е помало од 1,20 м.

Секаде каде што градежната линија се поклопува со регулационата линија постои обврска фасадниот ѕид да се постави токму на вертикалната рамнина која е одредена со градежната линија.

Пречекорувања на градежна линија во наведениот случај ќе се регулира согласно:

- Конкретните градежни линии се дадени во графичкиот дел од планот и истите треба да се почитуваат ако со тоа не се нарушуваат другите параметри.

- Доколку градежната линија не се совпаѓа со регулационата линија, се дозволуваат пречекорувања: кога растојание помеѓу градежната линија и регулациона линија е 1,20м не се дозволуваат пречекорувања на градежната линија, а доколку растојанието на градежната линија и регулациона линија е поголемо од 1,20м дозволените издадени делови не можат да бидат на растојание од регулациона линија што е помало од 1.20м

- Доколку градежната линија е кон дното на градежната парцела дозволените пречекорувања имаат поголема амплитуда на вредности кои се уредуваат во урбанистички план во зависност од околностите за секој плански опфат, четврт или блок, а доколку растојанието помеѓу соседните површини за градење кон дната на парцелите е помало од 8,00 м пречекорувањата не се дозволени.

- При планирање на површини за градење со меѓусебни растојанија кои кон страните и дното на парцелата се поголеми од 16,00 м, по правило нема стандардизирани ограничувања за употребата на архитектонската пластика, при што во случаи кога има за тоа потреба овие ограничувања се уредуваат во општите услови за градење во урбанистичкиот план.

- Пречекорувања на градежната линија не треба да излезат надвор од градежната парцела на било која височина над теренот.

7.12. Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се одредува површина од градежно земјиште односно делот од градежна парцела кој се предвидува за градење на градба.

Површина за градење е дел од градежната парцела ограничен со градежна линија.

Површината за градење е дефинирана во рамки на една градежна парцела и не може да се протега без прекин низ две или повеќе соседни градежни парцели.

Во една градежна парцела по правило има една површина за градење во која може да се гради само една градба.

Доколку во урбанистички план утврдената површина за градење во една градежна парцела не ја опфаќа постојната градба во парцелата, искористувањето на правото на градење на планираната градба е условено со рушење и отстранување на постојната градба.

Доколку површината за градење од став 1 од овој член опфаќа повеќе од 50% од површината на основата на приземниот спрат на постојната градба во парцелата, и доколку вклопувањето на постојната градба во новопланираната градба е можно и пожелно, во урбанистичкиот план може искористувањето на правото за градење да не е условено со рушење и отстранување на постојната градба.

7.13. Површина за градење како планска одредба во ДУП ќе се употребува на следниов начин:

- Во урбани подрачја со густа градба површината за градење е вообичаено целосно искористена за градење така што соодветствува со површината на основата на планираната градба,

- При планирање на површини за градење за групата на класи на намени А во урбанистички план квалитетот на домувањето на идните градби зависи од длабочината на површината за градење која го одредува степенот на природна осветленост и проветреност на становите, поради што:

- најквалитетно домување се постигнува во градби со двострано ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока од 9,00 до 12,00 м,

- помалку квалитетно домување се постигнува во градби со двострано ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока од 12,00 до 14,00 м,

- домување од уште понизок квалитет се постигнува во градби со едностранo ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока од 14,00 до 18,00 м,

- домување од неприфатливо низок квалитет се постигнува во градби со едностранo ориентирани станови кои се градени врз површина за градење длабока над 18,00 м.

7.14. Диспозиција на површина за градење во градежната парцела и нејзино растојание од границите на градежната парцела зависат од типот на градење, односно од начинот на групирање на градбите.

7.15. При калканско спојување на соседни градби, во ДУП-от, се предвидува и калканско спојување на второстепена пластика.

7.16. Оградите на парцелите да бидат усогласени со архитектурата на објектите. Оградата може да има максимална висина од 2,40 метри, со можност за sидан дел со висина од мах. 1.80 метри може да биде полна, а над таа висина транспарентна. Оградите се поставуваат во рамки на земјиштето од градежната парцела што се оградува, додека вратите и капиите, од уличните огради на градежните парцели не смеат да се отвараат вон регулационата линија односно кон надвор.

7.17. Процент на изграденост на земјиштето, (Р), е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежно земјиште е зафатен со градба. Процент на изграденост на земјиште се пресметува како однос помеѓу површината за градење и вкупната површина на градежното земјиште. Кога се пресметува за градежна парцела, се зема површината зафатена со градба и површина на градежна парцела.

7.18. Коефициент на искористеност (К), на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежно земјиште. Планираниот коефициент на искористеност на земјиштето во урбанистички план се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште.

7.19. Бројот на потребните паркинг и гаражни места и димензионирањето на истите се пресметува споредадените нормативи:

Најмало паркинг место за паркирање на лесни возила за јавни паркинг простори и за сите намени, е со широчина од 2,50 м и должина 5,00 м, освен зграда за домување до 10 стана, при што во оваа површина не може да навлегува ниту еден дел од градбата, опремата или инсталациите.

Паркинг местата од ставот кај кои од едната или обете подолжни страни има ѕид, столб или друг вертикален градежен елемент, ограда или опрема, се прошируваат за 0,30 м од страната на вертикалниот градежен елемент, при што кога градежниот елемент е од едната страна паркинг местото се проширува за 0,30м, додека ако градежен елемент има од двете страни на паркинг местото, тоа се проширува за уште 0,20 м. Ова важи доколку градежните елементи се наоѓаат во првата половина од длабочината на паркинг местото (2,50 м од пристапната површина кон паркингот), а доколку градежните елементи се во зоната на втората половина од длабочината, најмалите димензии на паркинг местото остануваат.

Димензиите на паркинг местото важат за паркирање под агол од 90 степени и тоа доколку широчината на пристапната комуникација до паркинг местото е поголема од 6,00 м. Доколку пристапната комуникација е широка од 5,60 до 6,00 м, паркинг местото се проширува за 0,30 м и изнесува 2,80 м.

Минималната широчина на комуникацијата за пристап до паркинг место за паркирање под агол од 90 степени е 5,60 м.

Минимални димензии на паркинг место за градежни парцели наменети за домување во градби до 10 стана е 2,40 м со 4,80 м, додека најмала широчина на пристапната комуникација до паркинг местото е 4,80 м, но овие две најмали вредности за широчина на паркинг местото и за пристапната комуникација не можат да се предвидуваат заедно истовремено за исто паркиралиште, туку употребата на едната минимална вредност повлекува употреба на поголема вредност на другата.

Минимални димензии за гаража за лесни возила е 3,00 м широчина и 6,00 м длабочина, сметајќи го светлиот простор помеѓу ѕидовите.

Површината за паркирање со пристап на едно патничко моторно возило со 4+1 седишта треба да изнесува од 25 до 35 м2.

Површината за паркирање на велосипед треба да изнесува од 1,10 до 1,50м2.

Минималните димензии се применуваат при пресметувањето на потребниот број на паркинг места во процесот на изработување и спроведување на урбанистички план и урбанистички проект.

Начинот за пресметување на потребниот број на паркинг места во градежни парцели односно градби наменети за домување односно за:

А1 – Куќи за домување со најмногу 4 станбени единици
А2 – Згради за домување

зависи од стандардот на живеење, степенот на моторизација во населеното место или во конкретната четврт, достапноста до средства на јавниот транспорт, опременоста со комунална сообраќајна инфраструктура и други чинители, но најмалку 1 паркинг место по стан за степен на моторизација (број на жители во просторната единица) од 2 до 4, најмалку 0,75 паркинг место по стан за степен на моторизација од 4 до 6, најмалку 0,50 паркинг место по стан за степен на моторизација од 6 до 8 итн,

Минималниот број на паркинг места за велосипеди за планираните намени на земјиштето и градбите се определува на следниот начин:

А1 – Куќи за домување со најмногу 4 атанбени единици

А2 – Згради за дпмување

За станбени куќи од класата на намени А1 потребниот број на паркинг места за велосипеди се утврдува во урбанистички план во зависност од локалните услови и потребите на градбата

За станбени згради од класата на намени А2 препорачано е најмалку едно паркинг место за велосипеди по станбена единица (стан), но потребниот број на паркинг места се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичани, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

При планирањето на паркиралишта во урбанистички планови се предвидува потребен број на паркинг места за посетителите и корисниците на градбите од планскиот опфат, кој зависно од степенот на моторизација и начинот на доминантната употреба односно намена на просторната единица изнесува од 10 -30% од вкупно пресметаниот број на потребни паркинг места што се предвидуваат во рамки на градежните парцели, а кои се планираат на земјиште за општа употреба или на градежни парцели наменети за паркирање со намена Е1.1 односно Е2.1 чијашто реализација единицата за локална самоуправа ја врши во рамки на програмата за уредување на градежното земјиште. Потребниот број на паркинг места ќе се утврди со планска документација во зависност од специфичните потреби, локација и услови во која спаѓаат градбите.

7.20. Проблемот на стационарниот сообраќај ќе се решава во рамките на сопствената градежна парцела со почитување на потребниот број на паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.

7.21. Улиците во планскиот опфат спаѓаат во примарна и секундарна улична мрежа на улици и тоа:

- собирна улица – примарна улична мрежа

- сервисни улици – секундарна улична мрежа

- станбени улици – секундарна улична мрежа

Во секундарната мрежа на улици спаѓа и следната некатегоризирана сообраќајна инфрастурктура:

- пристапни улици,

- пешачки улици и патеки,

- нужни и службени пристапи,

7.22. Во урбанистичкиот план се утврдуваат сите промени на попречниот профил на улицата.

Широчината на сообраќајната лента зависи од категоријата на улицата и планираната пропусна моќ, и нејзината минимална и максимална широчина изнесуваат за:

- собирна улица 3,00 – 3,50 м

- сервисна улица 3,00 - 3,25 м

- станбена улица 2,75 - 3,00 м

Најмалата широчина на пешачката патека е:

- 2,40м, доколку патеката поминува помеѓу градежни парцели, и

- 4,00м, доколку патеката е помеќу градби односно помеѓу граници на градежните парцели што се совпаѓаат со градежни линии.

Најмалата широчина на тротоарите од улиците на градските примарни улични мрежи освен транзитна магистрала е 4,50м, додека за магистралната улица низ село најмалата широчина на тротоарот во услови на неизграден уличен фронт е 2,00м.

7.23. Во предметниот ДУП, потребно е да се обезбедат и уредат системи на зелени инфраструктури во граница на планскиот опфат. Видови и категоризација на зелена урбана која се предвидува се Зелени површини со ограничена намена и тоа дворно зеленило. Согласно Закон за зеленило, во граница на секоја градежна парцела е потребно да се обезбеди мин 20% зеленило.

7.24. За непречено движење на лица со посебни потреби, потребно е да се преземат мерки за спречување на бариери во урбаниот простор.

7.25. Однесување на ѓубре ќе биде преку контејнери поставени во посебно изградени боксови предвидени во слободниот простор околу објектите, на места погодни да се дојде со возила за транспорт на истите.

7.26. Доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјална култура на Р.М. треба да се постапи согласно со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на Р.М. бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/11, 137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15 192/15, 39/16, 11/1820/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

7.27. Режим на употреба на води во планскиот опфат, начин на испуштање на отпадни материи и загадени води, мора да биде под строга контрола и во согласност со концепт на одржлив развој.

7.28. При изградба на објекти потребно е да се обезбедени заштитни безбедоносни растојанија од инфраструктурни објекти и водови (водоводна инфраструктура, фекална и атмосферска канализација) исто така, инвеститор при гадба, треба да се обезбеди непречен пристап при интервенција за отклонување на дефект.

7.29. Доколку под новопроектираните објекти (во дадениот плански опфат), поминуваат водови на подземна водоводна инфраструктура, фекална канализација, кои се во функција) а истите представуваат пречка за градба, потребно е истата да се дислоцира на сметка на инвеститор.

7.30. Доколку под новопроектираните објекти (во дадениот плански опфат), поминуваат водови на подземна електрична мрежа, кои се во функција, а се јави потреба да се дислоцираат, истото ќе биде во договор со надлежната институција која стопанисува со нив.

Се предвидува каблирање на сите надземни водови, со планирање на заштитен појас во широчина од 2 метри, по еден метар од осовината на водот.

7.31. Доколку под новопроектираните објекти (во дадениот плански опфат), поминуваат водови на подземна електрична мрежа, кои се во функција, а се јави потреба да се дислоцираат, истото ќе биде во договор со надлежната институција која стопанисува со нив.

Се предвидува каблирање на сите надземни водови, со планирање на заштитен појас во широчина од 2 метри, по еден метар од осовината на водот.

7.32. Доколку под новопроектираните објекти (во дадениот плански опфат), поминуваат водови на подземни интернет и телекомуникациоски водови, кои се во

функција, а представуваат пречка во градење, потребно е истата да се дислоцираат во договор со надлежна институција.

7.33. Подземна градежна линија член ја означува границата на градењето под котата на теренот кога таа не се совпаѓа со градежната линија, како и градбите што се планираат да се градат целосно под котата на теренот, во површина не поголема од 80% од површина на градежна парцела.

7.34. Фактичката површина за градење се одредува со процент на изграденост и таа секогаш е помала од рамковната површина, а нејзина дефинитивна просторна диспозиција и форма се разработува детално со урбанистички проект.

7.35. За постојна градба за која во урбанистичкиот план не се утврдуваат услови за идна града, освен реконструкција, адаптација и пренамена во текот на употреба на постојната градба согласно Законот за градење, не се исцртува градежна линија и се задржуваат истите урбанистички параметри за височина и намена, а врз линијата на градбата во геодетската подлога се црта информативна линија со која се означува постојна градба што продолжува да се употребува согласно нејзината намена.

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ ЗА СЕКОЈА УРБАНИСТИЧКА ЕДИНИЦА ЗА ПЛАНИРАЊЕ ЧИИШТО ГРАНИЦИ СЕ УТВРДЕНИ СО ПЛАНОТ, ОДНОСНО ЗА УРБАНИТЕ ЧЕТВРТИ, БЛОКОВИ И ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ПОЕДИНЕЧНО

8.1. Површина на планскиот опфат

Површината на предметниот плански опфат 22106.91 м2, односно 2,21 ха.

8.2. Класи на намена на објектите во рамки на планскиот опфат

Во планскиот опфат се предвидува изградба на објекти со намена:

Б - Деловни згради

Е – Инфраструктури

А - Градби за домување и престој на луѓе

Д - Останати некласифицирани градби и градежни работи

8.3. Компатибилни класи на намена во рамки на планскиот опфат

Покрај основната класа на намена, за сите парцели во планскиот опфат со основна класа на намена се предвидуваат компатибилни класи на намена со максимален процент на учество на единечната класа на намена во однос на основната намена до 40%:

Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната намена во планот е 40%.

8.4. Посебни услови за сите парцели во рамки на планскиот опфат:

ПАРЦЕЛА БР. 1 (превземена од важечки ДУП)

• Намена – А1 – Куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

• Површина на парцела –591,24m2 (корегирана поради тех.грешка во важечки ДУП)

• Површина за градба – 226,50m2

• Развиена површина за градба – 604,15m2

• Процент на изграденост – 38%

• Коефициент на искористеност – 1,02

• Висина на венец– 6.50m (превземена од важечки ДУП)

• Катна висина –П+1,

• Компатибилна класа на намена: Б1, Б4, Д3

• Макс. учество на единечна класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – Б1 - 30%, Б4-30%, Д3-20%. Максимално дозволен процент на учество на збир на компатибилни класи на намена во однос на основаната е 40%

• Тип на кров - кос, рамен, мансарден

• Висина на слеме – мах. 4,50 м.

• Кота на нулта плоча: постојна

• Место на паркирање - постојно

• Влез во парцела - постоен

• Потребниот број паркинг места – Потребен број на паркинг места: Согласно член 127 од Правилникот за урбанистичко планирање („(„Сл. Весник на РСМ“ бр. 2225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25 и 241/25).), а како основен услов за изградба е задоволување на потребен број на паркинг места

ПАРЦЕЛА БР. 2 (превземена од важечки ДУП)

• Намена – А1 – Куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

• Површина на парцела –578,25m2(корегирана поради тех.грешка во важечки ДУП)

• Површина за градба – 236,70m2

• Развиена површина за градба – 513.85m2

• Процент на изграденост – 41%

• Коефициент на искористеност – 0.89

• Висина на венец– 6.50m (Според важечки ДУП)

• Катна висина – П+1,

• Компатибилна класа на намена: Б1, Б4, Д3

• Макс. учество на единечна класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – Б1 - 30%, Б4-30%, Д3-20%. Максимално дозволен процент на учество на збир на компатибилни класи на намена во однос на основаната е 40%

• Висина на слеме – мах. 4,50 м.

• Тип на кров - кос, рамен, мансарден

• Кота на нулта плоча: постојна

• Место на паркирање - постојно

• Влез во парцела - постоен

• Потребниот број паркинг места – Потребен број на паркинг места: Согласно член 127 од Правилникот за урбанистичко планирање („(„Сл. Весник на РСМ“ бр. 2225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25 и 241/25).), а како основен услов за изградба е задоволување на потребен број на паркинг места

ПАРЦЕЛА БР. 3 (Превземена од важечки ДУП)

• Намена – А1 – Куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

• Површина на парцела –540,00m2

• Површина за градба – 191,20m2

• Развиена површина за градба – 476,75m2

• Процент на изграденост – 35%

• Коефициент на искористеност – 0.88

• Висина на венец– 6.50m

• Катна висина – П+1,

• Компатибилна класа на намена: Б1, Б4, Д3

• Макс. учество на единечна класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – Б1 - 30%, Б4-30%, Д3-20%. Максимално дозволен процент на учество на збир на компатибилни класи на намена во однос на основаната е 40%

• Висина на слеме – мах. 4,50 м.

• Тип на кров - кос, рамен, мансарден

• Кота на нулта плоча: постојна

• Место на паркирање - постојно

• Влез во парцела - постоен

• Потребниот број паркинг места – Потребен број на паркинг места: Согласно член 127 од Правилникот за урбанистичко планирање („(„Сл. Весник на РСМ“ бр. 2225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 7/25, 143/25 и 241/25).), а како основен услов за изградба е задоволување на потребен број на паркинг места

ПАРЦЕЛА БР. 4 (превземена од важечки ДУП)

• Намена – А1 – Куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

• Површина на парцела –521.47m2(корегирана поради тех.грешка во важечки ДУП)

• Површина за градба – 181.30m2

• Развиена површина за градба –456.45m2

• Процент на изграденост – 35%

• Коефициент на искористеност – 0.88

• Висина на венец– 6.50m

• Катна висина – П+1,

• Компатибилна класа на намена: Б1, Б4, Д3

• Макс. учество на единечна класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – Б1 - 30%, Б4-30%, Д3-20%. Максимално дозволен процент на учество на збир на компатибилни класи на намена во однос на основаната е 40%

• Висина на слеме – мах. 4,50 м.

• Тип на кров - кос, рамен, мансарден

• Кота на нулта плоча: постојна

• Место на паркирање - постојно

• Влез во парцела - постоен

• Потребниот број паркинг места – Потребен број на паркинг места: Согласно член 127 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23), а како основен услов за изградба е задоволување на потребен број на паркинг места

ПАРЦЕЛА БР.5 (превземена од важечки ДУП)

• Намена – А1 – Куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

• Површина на парцела –346.27m2(корегирана поради тех.грешка во важечки ДУП)

• Површина за градба – 169.70m2

• Развиена површина за градба – 339.40m2

• Процент на изграденост – 49%

• Коефициент на искористеност – 0.98

• Висина на венец– 7.50m

• Катна висина – П+1,

• Компатибилна класа на намена: Б1, Б4, Д3

• Макс. учество на единечна класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – Б1 - 30%, Б4-30%, Д3-20%. Максимално дозволен процент на учество на збир на компатибилни класи на намена во однос на основаната е 40%

• Висина на слеме – мах. 4,50 м.

• Тип на кров - кос, рамен, мансарден

• Кота на нулта плоча: постојна

• Место на паркирање - постојно

• Влез во парцела - постоен

• Потребниот број паркинг места – Потребен број на паркинг места: Согласно член 127 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23), а како основен услов за изградба е задоволување на потребен број на паркинг места

ПАРЦЕЛА БР. 6 (превземена од важечки ДУП)

• Намена – А1 – Куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

• Површина на парцела –114.55m2(корегирана поради тех.грешка во важечки ДУП)

• Површина за градба – 84.50m2

• Развиена површина за градба – 169.00m2

• Процент на изграденост – 74%

• Коефициент на искористеност – 1.47

• Висина на венец– постојна

• Катна висина – П+1,

• Компатибилна класа на намена: Б1, Б4, Д3

• Макс. учество на единечна класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – Б1 - 30%, Б4-30%, Д3-20%. Максимално дозволен процент на учество на збир на компатибилни класи на намена во однос на основаната е 40%

• Висина на слеме – мах. 4,50 м.

• Тип на кров - кос, рамен, мансарден

• Кота на нулта плоча: постојна

• Место на паркирање - постојно

• Влез во парцела - постоен

• **Потребниот број паркинг места –** Потребен број на паркинг места: Согласно член 127 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23), а како основен услов за изградба е задоволување на потребен број на паркинг места

ПАРЦЕЛА БР. 7 (превземена од важечки ДУП)

• Намена – А1 – Куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

• Површина на парцела –199.63m2

• Површина за градба – 165.00m2

• Развиена површина за градба – 330.00m2

• Процент на изграденост – 83%

• Коефициент на искористеност – 1.65

• Висина на венец– постојна

• Катна висина – П+1,

• Компатибилна класа на намена: Б1, Б4, Д3

• Макс. учество на единечна класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – Б1 - 30%, Б4-30%, Д3-20%. Максимално дозволен процент на учество на збир на компатибилни класи на намена во однос на основаната е 40%

• Висина на слеме – мах. 4,50 м.

• Тип на кров - кос, рамен, мансарден

• Кота на нулта плоча: постојна

• Место на паркирање - постојно

• Влез во парцела - постоен

• **Потребниот број паркинг места –** Потребен број на паркинг места: Согласно член 127 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23), а како основен услов за изградба е задоволување на потребен број на паркинг места

ПАРЦЕЛА БР. 8 (превземена од важечки ДУП)

• Намена – А1 – Куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

• Површина на парцела –352.89m2(корегирана поради тех.грешка во важечки ДУП)

• Површина за градба – 255.00m2

• Развиена површина за градба – 531.10.00m2

• Процент на изграденост – 72%

• Коефициент на искористеност – 1.50

• Висина на венец– постојна

• Катна висина – П+1,

• Компатибилна класа на намена: Б1, Б4, Д3

• Макс. учество на единечна класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – Б1 - 30%, Б4-30%, Д3-20%. Максимално дозволен процент на учество на збир на компатибилни класи на намена во однос на основаната е 40%

• Висина на слеме – мах. 4,50 м.

• Тип на кров - кос, рамен, мансарден

• Кота на нулта плоча: постојна

• Место на паркирање - постојно

• Влез во парцела - постоен

• Потребниот број паркинг места – Потребен број на паркинг места: Согласно член 127 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23), а како основен услов за изградба е задоволување на потребен број на паркинг места

ПАРЦЕЛА БР. 9 (превземено од важечки ДУП)

• Намена – А1 – Куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

• Површина на парцела –323.90m2(корегирана поради тех.грешка во важечки ДУП)

• Површина за градба – 135.36m2

• Развиена површина за градба – 270.70m2

• Процент на изграденост – 41%

• Коефициент на искористеност – 0.83

• Висина на венец– 7.50m

• Катна висина – П+1,

• Компатибилна класа на намена: Б1, Б4, Д3

• Макс. учество на единечна класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – Б1 - 30%, Б4-30%, Д3-20%. Максимално дозволен процент на учество на збир на компатибилни класи на намена во однос на основаната е 40%

• Висина на слеме – мах. 4,50 м.

• Тип на кров - кос, рамен, мансарден

• Кота на нулта плоча: постојна

• Место на паркирање - постојно

• Влез во парцела - постоен

• **Потребниот број паркинг места –** Потребен број на паркинг места: Согласно член 127 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23), а како основен услов за изградба е задоволување на потребен број на паркинг места

ПАРЦЕЛА БР. 10 (превземена од важечки ДУП)

• Намена – А1 – Куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

• Површина на парцела –254.52m2(корегирана поради тех.грешка во важечки ДУП)

• Површина за градба – 120.80m2

• Развиена површина за градба – 241.60m2

• Процент на изграденост – 47%

• Коефициент на искористеност – 0.95

• Висина на венец– 7.50m(Според важечки ДУП)

• Катна висина – П+1,

• Компатибилна класа на намена: Б1, Б4, Д3

• Макс. учество на единечна класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – Б1 - 30%, Б4-30%, Д3-20%. Максимално дозволен процент на учество на збир на компатибилни класи на намена во однос на основаната е 40%

• Висина на слеме – мах. 4,50 м.

• Тип на кров - кос, рамен, мансарден

• Кота на нулта плоча: постојна

• Место на паркирање - постојно

• Влез во парцела - постоен

• Потребниот број паркинг места – Потребен број на паркинг места: Согласно член 127 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број

225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23), а како основен услов за изградба е задоволување на потребен број на паркинг места

ПАРЦЕЛА БР. 11 (превземено од важечки ДУП)

• Намена – А1 – Куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

• Површина на парцела –248.11m2

• Површина за градба –133.00m2

• Развиена површина за градба – 266.00m2

• Процент на изграденост – 54%

• Коефициент на искористеност – 1.07

• Висина на венец– 7.50m(Според важечки ДУП)

• Катна висина – П+1,

• Компатибилна класа на намена: Б1, Б4, Д3

• Макс. учество на единечна класи на намена во однос на основната класа на намена во планот е – Б1 - 30%, Б4-30%, Д3-20%. Максимално дозволен процент на учество на збир на компатибилни класи на намена во однос на основаната е 40%

• Висина на слеме – мах. 4,50 м.

• Тип на кров - кос, рамен, мансарден

• Кота на нулта плоча: постојна

• Место на паркирање - постојно

• Влез во парцела - постоен

• Потребниот број паркинг места – Потребен број на паркинг места: Согласно член 127 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20, 219/21 и 104/22 и 99/23), а како основен услов за изградба е задоволување на потребен број на паркинг места

ПАРЦЕЛА БР. 12 (превземена од важечки ДУП)

• Намена – А1 – Куќи за домување со најмногу 4 станбени единици

• Површина на парцела –157.40m2(корегирана поради тех.грешка во важечки ДУП)

• Површина за градба – 87.64m2

• Развиена површина за градба – 206.16m2

• Процент на изграденост – 56%

• Коефициент на искористеност – 1.31

• Висина на венец– 7.50m(Според важечки ДУП)

• Катна висина – П+1,

• Компатибилна класа на намена: Б1, Б4, Д3

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1. Основен, а воедно и доминантен вид на градба во зоната за домување се семејните куќи со градини, а во зоната за комерцијални објекти највеќе се застапени административни објекти и објекти за услужни дејности и секојдневно снабдување.

2. Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на

предвидените со Правилникот и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја парцела одделно.

3. Максималните висини на предвидените објекти се дадени поодделно и тоа за семејните куќи до 9.5 м, за заедничките објекти до 16.0 м.

4. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации.

5. Висината на слемето на сите објекти опфатени со овој план е до 3,5 м. над максималната или дозволената висина на изградба.

6. Покрај домувањето предвидени се и објекти од угостителство и услужни - комерцијални содржини како составен дел на потребите за домувањето а се според важечките нормативи и правилници.

7. Семејните куќи во приземјето можат да имаат деловни простории, а на катовите домување.

8. Објектите кои се наоѓаат над зоната на тунелот, локациски услови за градење ќе добиваат после направените испитувања и анализи за носивост на земјиштето и условите кои ќе произлезат од овие испитувања.

9. Надградба на поткровје на деловниот простор на У.П. бр. 4 на ул. "Кирил и Методи" (до саат кулата) се однесува за мало проширување на веќе постојните простори (повеќето од нив се канцеларии), така да нема да се зголеми потребата за ново паркирање.

10. Објектот **магаза** со решение бр. 0701-68 од 30.04. 1998 год. е утврден како споменик на културата. Затоа превземање на било какви дејствија на споменикот на културата или во негова непосредна околина може да се врши само со претходно одобрение на надлежниот Завод за заштита на спомениците на културата.

11. Објектот **саат кула** со решение бр. 1101-120/1 од 23.02. 1994 год. е утврден како споменик на културата. Затоа превземање на било какви дејствија на споменикот на културата или во негова непосредна околина може да се врши само со претходно одобрение на надлежниот Завод за заштита на спомениците на културата.

12. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе ги решава секој корисник на урбаното подрачје поодделно во рамките на расположивата локација, а во зависност од неговите потреби и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Сл.весник. на РМ", бр. 02/02). Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на

паркирање на потребениот број возила во рамките на парцелата односно објектот.

12. Влезот во гаражната куќа ќе биде од ул. "Ванчо Прќе", паркирањето ќе биде на пет нивои, четири над улица, едно ниво подземно.

13. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните особи особено во делот на достапноста до јавните објекти.

14. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени од јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

15. Условите за изградба на станбените и други видови на објекти, треба да содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

16. При оформување на содржините се применуват соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето на дворните места на јавните објекти и на семејните куќи, а во зоната на сообраќајниците линеарното зеленило и и другите слободни простори.

17. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат.

18. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-5569/2 од 10.09.2024год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

.

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 516

ДУП: за дел од нас. Автокоманда дел од УБ.6

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: *0701-2152 /1 од 22.12.2004*

08-2309/1 од 22.04.2019

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-3 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Заверена копија од синтезен план
     - Легенда
     - Табела со нумерички показатели
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.
3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Викторија Инџекарова

По овластување од Градоначалник,

Лазар Хаџи-Николов



ГРАНИЦА НА ОПФАТ

број на парцела	наме-на	мах. висина	површина на парцела (м2)	п (м2) градба	бруто п(м2) развиена	процент на изграденост %	коеф. на искорис теност	потр. број места за парки-рање
			МОДУЛ 1					
1	СК	Нпос;Нм=6,5м	588.40	226.50	604.15	38.5	1.0	6
2	СК	Нпос;Нм=6,5м	569.90	236.70	513.85	41.5	1.0	5
3	СК	Нпос;Нм=6,5м	540.00	191.20	476.75	35.40	0.9	5
4	СК	Нпос;Нм=6,5м	518.64	181.30	456.45	35.00	0.9	4
5	С,К	Нмах=7,5м	344.07	169.70	339.4	50.0	1.0	3
6	С,К	Нпост	114.73	84.50	169.00	73.60	1.5	2
7	С,К	Нпост	199.24	165.00	330.00	82.80	1.6	3
8	С,К	Нпост	360.05	255.00	531.10	70.80	1.8	5
9	С,К	Нмах=7,5м	327.56	135.36	270.70	41.30	0.8	3
10	С,К	Нмах=7,5м	248.05	120.80	241.60	48.70	1.0	2
11	С,К	Нмах=7,5м	248.11	133.00	266.00	53.60	1.1	3
12	С,К	Нмах=7,5м	156.18	87.64	206.16	56.11	1.32	2
13	С,К	Нмах=6.0м	100.11	44.60	89.2	44.50	0.9	1
14	С,К	Нпост	86.87	86.87	173.70	100.00	2.0	2
15	С,К	Нмах=6.5м	133.00	97.70	195.4	13.45	1.47	2
16	С,К	Нпост	61.75	38.53	77.00	69.40	1.25	1
17	С,К	Нпост	71.83	51.00	102.00	71.00	1.42	1
18	С,К	Нпост	344.40	200.00	400.00	58.00	1.16	4
19	С,К	Нпост	140.45	68.40	136.80	48.70	1.0	1
20	С,К	Нмах=6.5м	154.60	87.38	174.76	56.52	1.13	2
21	С,К	Нмах=7.5м	357.08	149.80	299.60	42.00	0.84	3
22	С,К	Нмах=7.5м	293.80	169.82	321.44	57.80	1.10	3
23	С,К	Нмах=6.5м	153.85	60.58	151.45	39.37	1.0	1
24	С,К	Нмах=7.5м	142.00	56.15	168.45	39.50	1.20	2
25	С,К	Нмах=7.5м	373.50	187.26	561.80	50.00	1.50	6
26	С,К	Нмах=7.5м	361.62	200.20	600.60	55.36	1.66 -	6
27	С,К	Нмах=7.5м	341.87	109.50	328.5	32.00	0.96	3
28	С,К	Нмах=7.5м	155.50	95.00	237.50	60.00	1.6	2
29	С,К	Нмах=7.5м	289.40	133.35	400.00	46.00	1.40	4
30	С,К	Нмах=7.5м	448.60	187.40	516.80	41.77	1.2	5

НАПОМЕНА: За изградба на максимално предвидените површини потребно е да биде исполнет условот за паркирање согласно чл. 9 од Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. Весник на РМ 50/03).

Процентот на изграденост на локацијата и коефициентот на искористување на земјиштето кои отстапуваат од максимално дозволените вредности се однесуваат за постојни објекти.

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ ВО ОПФАТОТ	ВКУПНО П(м2)	%
СК-СЕМЕЈНИ КУЌИ	8 155	71
КОЛСКО-ПЕШАЧКИ СООБРАЌАЈНИЦИ	2 230.00	19.4
СООБРАЌАЈНИЦИ И ТРОТОАРИ	965	8.3
ЗЕЛЕНИЛО	150.00	1.3
ВКУПНО П(м2) НА ОПФАТ	**11 500.00**	**100**

ДУП НА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА "АВТОКОМАНДА"

ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК БР. 6

Опфат помеѓу улиците: "Пиринска", "Вардарска" и "Добре Радосављев"

ПРЕДЛОГ ПЛАН
2004-2009

M=1:1000

СИНТЕЗЕН ПЛАН - ПЛАНИРАН РАЗВОЈ

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА УРБАН МОДУЛ
- 1 ОЗНАКА НА МОДУЛ
- 1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

- СК — СЕМЕЈНИ КУЌИ
- ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР ПЕШАЧКА ПАТЕКА
- ПЕШАЧКО КОЛСКА ПАТЕКА

ЈП ЗА УРБАНИ ЗАМ,УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ "ТИП-ПРОЕКТ"-ТИП		ТЕХ. БРОЈ 09/2004 ДАТА: Октомври, 2004
ИНВЕСТИТОР: ОПШТИНА ТИП	ПРОЕКТАНТ: дипл.инж.арх. Весна Василева СОРАБОТНИК: дипл.инж.арх. Никола Перевски	Лиценца бр.66/1
ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДУП ЗА ДЕЛ ОД НАС. "АВТОКОМАНДА" (Дел од урбан блок бр. 6)	ТЕХНИЧКА ОБРАБОТКА: дипл.инж.арх. Весна Василева Техничка-Верица Ренјова	
СОДРЖИНА: - СИНТЕЗЕН ПЛАН	ТЕХНИЧКА КОНТРОЛА: дипл.инж.арх. Илија Наков	ЛИСТ БРОЈ 1
МЕРИЛО: 1:1000		

ПЛАНИРАН РАЗВОЈ

Воведен дел

Просторот кој е тема на разработка на овие Измени и дополнувања на ДУП на дел од станбената населба "Автокоманда", се наоѓа во централното градско подрачје во зоната за домување.

Имајки ги во обзир максималното почитување на приватната сопственост во новиот ГУП се планира да им се даде можност на инвеститорите во рамките на својата сопственост да изградат, односно доградат и надградат објекти.

Анализата на постојната состојба со излегување на лице место и запознавање со фактичката состојба, потоа определбите од ГУП за иден развиоток и програмата добиена од Единицата на Локалната самоуправа при Советот на Општина Штип се база за создавање на урбаниот концепт и опфатот на планот.

Најголем процент во овој земјишен опфат имаат површините за домување и тоа индивидуално домување, на второ место се површините за сообраќај, односно колско-пешачките површини за пристап до индивидуалните парцели. Многу мал дел имаат слободните зелени површини, но зелени површини ќе се јават и во индивидуалните парцели, кое не влегува во овие биланси показатели.

Вкупната површина на овој опфат изнесува 1,15 ха и претставува дел од урбан блок бр. 6.

Во склоп на станбените функции во станбената населба можат да се јават и содржини со друга намена во приземните делови на објектите согласно потребите на инвеститорите, но тие функции треба да се во склад со дозволените дејности согласно Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот.

Наследениот станбен фонд, начинот на изградба на постојните објекти, конфигурацијата на теренот и максималното почитување на приватната сопственост се битни предуслови за изработка на овој ДУП. Истите, заедно со урбанистичките стандарди и нормативи во планирањето на просторот , како и Генералниот урбанистички план, во голем дел ја насочуваат концепцијата на разработката. Во услови на економска стабилизација, кога е присутно сознанието дека економската моќ на државата не може да поднесе радикални зафати, секаде таму каде тие не се неопходни и каде постои друг начин на решавање на проблемите, истите треба да се третираат пореално и поостварливо.

Деталниот урбанистички план, секаде каде тоа е можно предвидува ревитализација на постојните објекти, но да се води сметка на рационалноста во користење на просторот во границите на прифатените оптимални урбанистички параметри. Оваа проблематика е третирана и во постоечкиот ГУП кој предлага на овој простор да се задржи индивидуалното домување. Посебен акцент се дава на тоа да секој сопственик во рамките на локацијата во подрумските делови го реши паркирањето или гаражирањето за потребите на својот сопствен објект ако гради нов објект или во новопредвидените доградби да се реши гаражирање односно паркирање. Од направената инвентаризација на лице место констатирано е дека скоро секоја парцела го има решено паркирањето барем со една изградена гаража во дворното место или

обезбеден паркинг простор. Во табелата во последната колона дадени се нормативи за потребен паркинг простор за соодветната парцела према Правилникот кои во пракса тешко би можеле да се остварат, односно реализираат, бидејќи максимално предвидената зона не секогаш се реализира, а праксата покажува дека во една индивидуална парцела живеат најмногу 2 семејства. Од тука сметаме дека овој параметар од урбанистичкото планирање тешко ќе може да се задоволи во целост во оваа станбена зона.

На некои објекти градежните линии се поклопуваат со регулационите линии. На објектите се предвидува еркерно испуштање, но со максимум од 1 метар и висина од минимум 4,50 метри над тротоарот.

Процентот на изграденост на предвидените објекти изнесува изнесува до 60% (за објекти за домување). Има случаи да коефициентот на изграденост е поголем од 60%, па дури и е 100%, но тоа е случај на постоечките објекти. Во тие случаи коефициентот на искористување на земјиштето не е поголем од максимално дозволениот.

Во наредната табела се анализирани сите парцели поединачно со основните карактеристики како што се процент на изграденост, коефициент на искористување, површина на парцела, површина за градба, максимална висина (кота од тротоар до венецот на објектот), бруто развиена површина, потребни места за паркирање према Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот.

број на парцела	намена	мах. висина	површина на парцела (м2)	п (м2) градба	бруто п(м2) развиена	процент на изграденост %	коеф. на искористеност	потр. број места за паркирање
МОДУЛ 1								
1	СК	Нпос;Нм=6,5м	588.40	226.50	604.15	38.5	1.0	6
2	СК	Нпос;Нм=6,5м	569.90	236.70	513.85	41.5	1.0	5
3	СК	Нпос;Нм=6,5м	540.00	191.20	476.75	35.40	0.9	5
4	СК	Нпос;Нм=6,5м	518.64	181.30	456.45	35.00	0.9	4
5	С.К	Нмах=7,5м	344.07	169.70	339.4	50.0	1.0	3
6	С.К	Нпост	114.73	84.50	169.00	73.60	1.5	2
7	С.К	Нпост	199.24	165.00	330.00	82.80	1.6	3
8	С.К	Нпост	360.05	255.00	531.10	70.80	1.8	6
9	С.К	Нмах=7,5м	327.56	135.36	270.70	41.30	0.8	3
10	С.К	Нмах=7,5м	248.05	120.80	241.60	48.70	1.0	2
11	С.К	Нмах=7,5м	248.11	133.00	266.00	53.60	1.1	3
12	С.К	Нмах=7,5м	156.18	87.64	206.16	56.11	1.32	2
13	С.К	Нмах=6.0м	100.11	44.60	89.2	44.50	0.9	1
14	С.К	Нпост	86.87	86.87	173.70	100.00	2.0	2
15	С.К	Нмах=6.5м	133.00	97.70	195.4	13.45	1.47	2
16	С.К	Нпост	61.75	38.53	77.00	69.40	1.25	1
17	С.К	Нпост	71.83	51.00	102.00	71.00	1.42	1
18	С.К	Нпост	344.40	200.00	400.00	58.00	1.16	4
19	С.К	Нпост	140.45	68.40	136.80	48.70	1.0	1
20	С.К	Нмах=6.5м	154.60	87.38	174.76	56.52	1.13	2
21	С.К	Нмах=7.5м	357.08	149.80	299.60	42.00	0.84	3
22	С.К	Нмах=7.5м	293.80	169.82	321.44	57.80	1.10	3
23	С.К	Нмах=6.5м	153.85	60.58	151.45	39.37	1.0	1
24	С.К	Нмах=7.5м	142.00	56.15	168.45	39.50	1.20	2
25	С.К	Нмах=7.5м	373.50	187.26	561.80	50.00	1.50	6
26	С.К	Нмах=7.5м	361.62	200.20	600.60	55.36	1.66 -	6
27	С.К	Нмах=7.5м	341.87	109.50	328.5	32.00	0.96	3
28	С.К	Нмах=7.5м	155.50	95.00	237.50	60.00	1.6	2
29	С.К	Нмах=7.5м	289.40	133.35	400.00	46.00	1.40	4
30	С.К	Нмах=7.5м	448.60	187.40	516.80	41.77	1.2	5

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ ВО ОПФАТОТ	ВКУПНО П(м2)	%
СК-СЕМЕЈНИ КУЌИ	8 155	71
КОЛСКО-ПЕШАЧКИ СООБРАЌАЈНИЦИ	2 230.00	19.4
СООБРАЌАЈНИЦИ И ТРОТОАРИ	965	8.3
ЗЕЛЕНИЛО	150.00	1.3
ВКУПНО П(м2) НА ОПФАТ	**11 500.00**	**100**

Граница на опфат на урбано подрачје

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од1,15 ха и претставува густо изградено станбено јадро.

Границите на опфатот се движат по :

- од северо-исток границата се движи по улицата "Вардарска"
- од западната и северната страна се движи по улицата "Пиринска" .

Намена на површини

Површината на опфатот на овој план во рамките на усвоениот ГУП и предложениот ДУП е наменета за :

-Простор наменет за семејни куќи - домување

Домување

Просторот наменет за семејни куќи - домување изнесува 1.15 ха.

Во склоп на оваа зона се предвидуваат семејни куќи на парцели со различна големина во зависност од сопственоста. Третманот на домувањето, покрај основната намена за домување, според потребите може да има и придружни содржини, како продажен простор во приземните делови и слични содржини компатибилни со домувањето, а поврзани со заедничките потреби на жителите на населбата.

Висински план

Максималната дозволена висина на структурите за домување изнесува 10.2 метри, мерено од теренот односно заштитниот тротоар до котата на венецот. Висината на слемето е до 3,5 м. над максималната или дозволената висина на изградба.

Бидејќи во конкретниот случај се работи за изградена станбена населба , на оние објекти кои се надградуваат означено е со Нпост. +1 или Пк (поткровје), оние објекти кои се задржуваат со постојната висина означени се со Нпост., но ниедна од овие висини не ја надминува висината од 10,2 метри колку е дозволената мах. висина за семејни куќи.

План на парцелација

Деталниот урбанистички план во рамките на своите граници опфаќа површина од1,15 ха.

План на површините за градба

Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти сл. в. на РМ бр: (02/02 и 50/03). Имено истите се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.

Регулационата линија го разграничува земјиштето на урбаниот блок за одредена намена, односно подрачјето за градење (градежна парцела) од земјиштето наменето за сообраќајници и други јавни површини.

Во целиот зафат за регулациона линија е земена внатрешната линија на тротоарот.

Растојанието меѓу две регулациони линии го определува профилот на сообраќајницата, со минимална димензија на коловозот од 6.0 м во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на јавни патишта.

Градежната линија е линија до која може да се гради објектот , или таа го означува растојанието од регулационата линија, односно од границата на парцелата, истата ќе биде подетално третирана со детален урбанистички план или урбанистички проект.

Урбанистичко архитектонски услови за градба

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби и нормативи.

Процентот на изграденост на парцелите како и коефициентот на искористување на земјиштето поставени се во зависност од намената на објектите, а се во рамките на дозволените параметри според Правилникот.

Максималните габарити на архитектонските елементи треба да се движат внатре во веќе опишаните граници. Истите ќе бидат утврдени со изработката на идејните решенија на објектите.

Архитектонска обработка на фасадите на објектите, крововите и друго ќе биде со примена на нови градежни материјали и примена на нови технологии на градење. Покривањето треба да биде со коси кровови со оглед на големите температурни разлики на поднебјето, со мах. нагиб од 1:3.

Пристапот до објектите ќе биде решен со пешачки пристапни патеки и со приоди за лесни моторни возила и товарни возила, во зависност од намената на објектот.

Паркирањето за жителите е решено внатре во рамките на урбанистичката парцела.

Плански решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за инвалидизирани лица

Со цел да се спречат архитектонските бариери при движење на инвадилизирани лица се предвидува, тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред секој влез во објектите потребно е да се постави рампа за движење на инвадилизирани лица посебно пред јавните објекти..

Сообраќајно решение

Пристапот до оваа зона е преку собирната сообраќајница улица "Вардарска" и преку станбената улица "Пиринска". Улицата "Вардарска" према ГУП е предвидена со поголем профил (коловоз од 7,00 метри и тротоари 2 пати по 4,00 метри). Внатре во зоната за пристап до објектите се предвидени колско-пешачки улички: ул. 19-та бригада" и ул. "Добре Радосављев". Целото снабдување и пристап на населбата се врши преку овие улици. Пешачките улици и тротоарите ќе се обработуваат (поплочуваат) со материјали кои го оплеменуваат просторот. Максимално да се избегнува обработката на тротоарите со асфалт, а постојните асфалтирани тротоари постепено да се заменуваат со материјали кои нема да имаат негативно влијание врз животната средина. Ивичниците кои го одвојуваат сообраќајното од пешачкото движење треба да се планираат со оборени ивици во однос на сообраќајницата.

Кај индивидуалното домување паркирањето ќе се решава во рамките на парцелите (во подрумот или приземјето и во дворното место). Во табеларниот преглед во посебна графа дадени се потребните паркинг-простори за секоја инивидуална парцела према Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот. (према Правилникот потребни се околу 90 места за паркирање или гаражирање.) На синтезниот графички прилог означени се гаражните простори и просторот за паркирање во дворните места. (37 гаражи и 18 места за паркирање во дворовите, 8 паркиралишта на колско-пешачката улица или вкупно 63).

Профилите на сите сообраќајници дадени се во графичките прилози и се изработени спрема стандардите и нормативите за планирање на јавните патишта.

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Радиусите на кривините и техничките елементи на мрежата кон и од локалитетот потребно е да овозможуваат брзини на движење според правилникот.

Проектирана состојба за водоснабдување и евакуација на отпадни води

Снабдувањето на постоечката населба и објекти со вода се врши од постојниот градски водовод. Постоечката водоводна мрежа е постара од 30 години иу истата не ги задоволува потребните стандарди. Поради тоа потребно е реконструкција и замена на постоечката инфраструктура со нова која ќе ги задоволи наведените параметри.

Постоечка состојба

На делот од нас. Автокоманда во опфатот помеѓу улиците "Пиринска" , "Вардарска" и "Добре Радосавлев" постоечка водоводна инсталација има на:

- ул. "Вардарска" ф 100 мм
- ул. "19 та Бригада" ф 1 " (поцинкувана цевка)
- ул. "Добре Радосавлев" ф 2 " (ПЕ цевка)
- на дел од ул. Пиринска ф 100 мм (ПВЦ цевка)

Од оваа инсталација делниците по улиците "Добре Радосавлев" и делот од улица Пиринска се нови линии , а поцинкуваната цевка на ул. "19 та Бригада" е линија од која се снабдуваат со вода десетина индивидуални куќи и истата ниту од далеку не ги задоволува потребите за нормално водоснабдување на населението.

Во овој дел од градската мрежа нема ПП хидранти.

Што се однесува до канализацијата како главна делница се јавива канализационата линија по должина на ул. "Вардарска" која е од АЦ цевка ф 250 мм. На оваа линија е приклучен дел од улицата "Добре Радосавлев".

Индивидуалните станбени објекти од улицата "19-та бригада" преку дворните површини на соседните куќи се вклучуваат во горе споменатата канализациона линија на ул"Вардарска" како и дел од индивидуалните станбени објект на ул. Пиринска.

Останатиот дел од објектите на ул. Пиринска и дел од објектите на ул."19 та Бригада се приклуваат кон каналиационата линија која од ул. "Добре Радосавлев" продолжува кон ул. Карл Маркс.

Канализационите линии по сите улици освен делницата по улица "Вардарска" се изведени со керамички цевки.

Планирана состојба

На делот од нас. Автокоманда во опфатот помеѓу улиците "Пиринска" , "Вардарска" и "Добре Радосавлев" постоечка водоводна инсталација планирано е:

- замена на поцинкуваната цевка ф 1" на ул"19 та Бригада" со ПЕ цевка ф 2"
- поврзување на постоечката линија од ПЕ ф 2", која е прекината непосредно до постојната трафостаница, со ПВЦ цевката ф 100 мм на улица "Пиринска".
- ПВЦ цевководот ф 100 мм по должина на ул. Пиринска да се спои со водоводната линија на ул. Вардарска (ф100мм) со предвидена нова шахта.
- поставување на три ПП хидранти.

Кај канализационата инфраструктура планирано е:

- поставување на ПВЦ канализациона линија ф 200 мм на дел од ул."Пиринска" до спој во постоечка шахта на ул."Вардарска"
- поставување на канализациона линија по ул. "19 та бригада" ПВЦ ф 200 мм до приклучок кон постоечката АЦ канализационата линија ф 250 мм.

На местата каде има промена на нивелетата и правецот како и места каде се врши приклучување предвидени се ревизиони шахти.

Планирана ел.енергетска инсталација, улично осветлување и телефонска инсталација

Со зголемување на бројот на жители, реконструкција на постојните и изградба на нови семејни куќи, ќе доведе до зголемена потрошувачка на ел.енергија. Со изработката на ДУП на овај опфат прикажани се постојните ТС 35/10/0.4kV и ТС 10/0,4kV, изработени се ел.пресметки.

Електричните пресметки за одредување на потребниот број на ТС во ДУП за постојните и нови семејни куки се димензионирани према електро енергетските параметри за едновремена снага.

P_i=26kW - инсталирана снага на еден стан
K_e=0,5 - коефициентот на едновременост
$P_{e'} = P_i \times K_e$ = 13kW - едновремена снага на еден стан
$P_{e''}$ = 2,5kW - едновремена снага за затоплување
Kn - коефициентот на искористување $K_n = K_\infty + (1 - K_\infty)/\sqrt{n}$

$P_{e'} = P_{e'} \times n \times K_{n'}$ =202.5kW -едновремена снага за 60 стана
$P_{e''} = P_{e''} \times n \times K_{n''}$ =138.3kW- едновремена снага за затоплување за 60

Вкупна едновремена снага за домување ќе биде:

$P_e = P_{e'} + P_{e''}$ = 340.8kW

Во опфатот на овој ДУП не се предвидува изградба на нова ТС10/0.4kV, бидејќи во непосредна близина на овој опфат се наоѓаат трафостаниците ТС 35/10/0.4kV (постоечка на ул.,,Добре Радосављев,,) и ТС 10/0.4kV (постоечка на ул. ,,Пиринска,,) кои ја имаат потребната снага да го задоволат и овој дел од градот..

Нисконапонскиот развод ќе се води кабловски и надземно на бетонски столбови во зависност од потребната ел.енергија на објектите и теренот.

Улично осветлување

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа "1" главни сообраќајници
- класа "2" споредни, локални
- класа "3" паркинг простори

За улично осветление ќе се користат светилки поставени на улични столбови према пропишаните прописи и светлотехнички барања за тој вид на сообракајници.

Комуникациска инфраструктура

Телефонскиот сообраќај во наредниот период ќе доведе до пораст со реконструкцијата на старите и изградбата на нови семејни куќи,

Со планот за развој на претпријатието дефиниран е критериум едно домаќинство- една парица (еден телефонски приклучок). Што значи во овој ДУП се потребни 60 парици за исто толку станови. Телефонската мрежа за поврзување на тел. приклучоци со тел.централи ќе се изврши во подземна тел. канализација и надземно према потребите, теренот и програмата на надлежното претпријатие за телефонскиот сообраќај.

Поштенскиот сообраќај ќе се модернизира со нови возила и компјутери со што на жителите ќе им се овозможи побрз, поквалитетен и поекономичен пренос на податоци преку овој вид на сообраќај.

Биланс на површините во планирана состојба на супра и инфраструктурата

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од 1,15 ха.
Во планот се предвидени следните намени:
(СК) - Семејни Куќи-домување; Сообраќајни површини; Паркинзи; Зеленило.

Мерки за заштита

Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 1,15ха и е густо изградено градско јадро.

Основни загадувачи на просторот претставуваат постоењето на моторен сообраќај .Имајќи ја оваа состојба во предвид , може да се изврши поделба на две основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заќтита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

а. Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата кои се движат по постојните улици.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

б. Загадување на почва имерки за заштита

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

На локалитетот не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

Мерки за заштита од пожар на објектите

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар, одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример жители, посетители, вработени, купувачи и други.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 5,5 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот

пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На растојание од 2.0 км постои ПП дом, па затоа не е потребно да се предвидува посебна противпожарна станица.

Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус перио

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интанзитет од девет степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1. Основен, а воедно и доминантен вид на градба во зоната за домување се семејните куќи со градини,

2. Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (Сл. Весник на РМ 02/02 и 50/03) и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја парцела одделно.

3. Максималните висини на предвидените објекти се дадени поодделно според зоните и тоа за семејните куќи не ја надминува висината од 10.2 м, односно речиси сите куќи се плански изградени и со оваа измена и дополнување добиваат доградби или надградби на кат и поткровје. (затоа во графичкиот прилог висината е означена со Нпост +кат или поткровје).

4. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации.

5. Висината на слемето на сите објекти опфатени со овој план е до 3,5 м. над максималната или дозволената висина на изградба.

6. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе ги решава секој корисник на урбаното подрачје поодделно во рамките на расположивата локација, а во зависност од неговите потреби и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Сл.весник. на РМ", бр. 02/02 и 50/03). Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребениот број возила во рамките на парцелата односно објектот.

7. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните особи особено во делот на достапноста до јавните објекти.

8. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите

9. поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

10. Условите за изградба на станбените објекти, треба да содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

11. При оформување на содржините се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето на дворните места на семејните куќи, а во зоната на сообраќајниците линеарното зеленило.

12. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат.

13. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-4982/2 од 10.09.2024 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 517

ДУП: за улица “Вардарска“

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 0201-3826/1 од 16.12.1982

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-3 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 500

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

- Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:

Изготвил: Викторија Инџекарова

Овластен од Градоначалник,

Раководител на сектор,

Лазар Хаџи-Николов

Улица
Пиринска
Пиринска
Улица
Улица
Улица
Ул.
Ул.
Ул.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-5571/2 од 10.09.2024 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 517

ДУП: на населба МЗ.3 Горно Маало

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 0801-794/1 од 25.03.1985

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-3 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 500

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство

Изготвил: Викторија Инџекарова

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов


ДЕЛ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА БР.3 „ГОРНО МААЛО"
Пиринска
Улица
Маркс
Карл
ОСУМГОДИШНО УЧИЛИШТЕ
КЛУБ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ
САМОПОСЛУГА
ul. "Sutjeska"
Граница на предлог
плански опфат

II. ИЗВОД ОД ОСНОВНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Основниот урбанистички план предвидува да просторот на разработката на детален урбанистички план и припаѓа на месната заедница "Горно мало".

Месната заедница "Горно мало" зафаќа простор од центарот на градот, ул. "Пиринска", "Автокоманда" I и II" се до улица "Сутјеска" и населбата "Исарот" со површина од околу 49 ха, со околу 7600 жители.

За оваа месна заедница потребно е, покрај другите градски и регионални содржини, да се предвидат погодни површини за изградба на осумгодишно училиште, две детски градинки, локален снабдевачки центар соодветно зеленило и други потребни површини и содржини за потреби на населението како што се: трговски и занаетчиски дуќани, амбуланта, клубови за аматерска дејност, клубови за пензионери, клубови за млади, библиотека простор за месна заедница, повеќе наменска сала и слично.

Поголем дел од поросторот за кој се изработува деталниот урбанистички план, во основниот план е зацртан како соединение на две функции: градски центар и становање.

Останатиот дел е наменет за становање или е зафатен исклучиво за градски функции.

- Урбанистичко архитектонски одредби

1. Објектите во основа ќе се реализираат со габаритите кои се вцртани во графичкиот дел.

2. Може да се дозволи проширување на ѓабаритот максимум до 1 м. во двата правци доколку тоа не предизвикува лоши последици за околните објекти или не го стеснува просторот на улицата, пешачкиот пролаз или друг заеднички простор.

3. Висината на објектот е обележена во графичкиот дел и се однесува на соодветна фасада. Може да се дозволи изградба на подкровје доколку тоа не смета на околните објекти.

4. Помошни простории, гаражи, подруми треба да се проектираат во склоп на објектот. Може да се дозволат и надвор од објектот доколку во објектот нема услови за тоа, а во дворното место постои погоден простор.

5. Во просторот меѓу улиците "Иво Лола Рибар", "29 Ноември" и "Ванчо Прќе" со обиколната улица, се предвидува, пред реализација на објектите, да се одземаат дворовите и тое да се користат наменски, како што е зацртано во графичкиот дел, за заеднички цели.

6. При давање одобрење за градба, односно локација, на парцелите каде треба да се изврши корекција - проширување на улицата, обезбедување на пролаз, издавање на документот треба да биде условено со претходно соодветно одземање на земјиштето.

7. Крововите на сите објекти да бидат коси освен приземните објекти и приземните делови на објектите, кои можат да се користат како тераси.

8. Широчината на коловозот на улицата "Борис Кидрич" е 7 м. на ул. "Иво Лола Рибар", "Славчо Стојемнски" 6 м. а на останатите мали улици 5 или 4,5 м.

9. На местата каде што се приклучуваат колско пешачките улички на улици со одвоен коловоз да се изведе спуштен ивичњак.

10. Во просторот меѓу ул. "Иво Лола Рибар" и центарот на градот во сите нови објекти се предвидуваат продавници, дуќани или други простории од заеднички функции.

На овие простори тие функции имаат приоритет пред гаражите, односно гаражите можат да се проктираат само од споредните улички. Секој објект може да има само една гаража.

11. Самостојните гаражи и помошни простории можатда се предвидуваат само како укопани од една страна (на кос терен) а не и како слободностоеќи од сите страни.

12. При проектирањето изградба на објектите истите да да се прилагодуваат кон условите на теренот.

13. При изградба на стрми терени, да не се дозволува откопување.

14. Објектите што се наоѓаат во коридорот на тунелот се изведуваат поѕле неговата изградба.

15. На сите улици, колско пешачки и пешачки патеки да се изготви нивелационен план, а птоа изведбени проекти за улиците и инфраструктурни објекти (водовод, канализација, електрични кабел, осветление и ПТТ).

16. При издавање на локацијата да не се решава парцијално еден објект, туку да се обработуваат комплекси на објекти а поедината локација да биде извод од комплексното решение. Ова особено е значајно во деловите кај што се одземат дворните места а повеќе индивидуални објекти се слепени.

17. При изведување на објектите (улици, згради, слободни простори) да се обезбеди стручен надзор со примање на висинските и други коти на поедини фази на изградба (за зградите-темели, плочи; за улици-постелицата, исколчен ивичњак).
18. На сите погодни места особено кај зелените простори и детските игралишта да се проектираат и постават клупи за седење.
19. На сите улици и сите други заеднички простори на соодветно растојание 20-30 м. да се постават кантички за отпадоци.
20. На сите погодни места а особено кај широчините, зелените простори и детските игралишта да се постават чешми за пиење.
21. Трафики, огласни табли можат да се поставуваат само на места каде што има доволно простор за несметано поминување и застанување на купувачите, односно гледачите.
22. Сите улици, колско пешачки и пешачки пролази да се обележат со вертикална и хоризонтална сигнализација (сообраќајни знаци) и тие редовно да се одржаваат.
23. Сите објекти да се проектираат и изведуваат према постојните технички прописи и норми за трусно подрачје од IX степени по MCS скалата.
24. На сите погодни места да се проектира и изведува зеленилото, карактер и вид на зеленило ќе биде прикажан во посебен прилог.
25. На сите објекти (згради, улици, зелени и слободни простори) да се издаваат локации со урбанистички услови а проектите да се потврдуваат со урбанистичка согласност.

V. ГЛАВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА КОНЦЕПЦИЈАТА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

1. Сообраќај

Просторот за разработка на деталниот урбанистички план обиколен е со улици од I и II степен (артеријални- ул. "Партизанска" и ул. "Гоце Делчев" и секундарни или колекторски ул. "Ванчо Прќе" обиколната улица, ул. "Вардарска". Просторот е воглавно наменет за становање, но неговиот јужен дел кој се спојува со центарот, како и ул "Борис Ќидрич" како сврзник на градскиот центар со неговиот дел во нас. "8-ми Ноември" имаат функции и од градски карактер.

Обиколните улици се наменети воглавно за транзитен, колски сообраќај, додека внатрешните улици се третирани да му служат првенствено на пешакот, имаат широки тротоари со проширенија, слободни простории, места за застанување или седење, додека коловозите се тесни со мали остри радиуси и поголеми надолжни падови.

За да се ослободи улицата Борис Кидрич од тежок транзитен сообраќај се предвидува тунел кој ќе ги поврзе ул. "Ванчо Прќе"(кај аптеката) со ул. "Вардарска" (кај стамбените згради). Со оваа решение

ул. "Борис Кидрич" ќе биде само пешачко пристапна и трговска улица.

Се предвидува и населбата "Исарот", бидејќи ќе припаѓа на истата месна заедница, да биде поврзана со улица на мостот над ул. "Гоце Делчев", со што физичката врска на двете населби ќе се зголеми и ќе се избегне компликована врска на нас. "Исарот" со центарот и останатите делови на градот, а школските деца ќе можат безбедно да пешачат до училиште.

Освен улица "Борис Кидрич" трговски и воглавном пешачки ќе бидат улиците Иво Лола Рибар, а и комплекс на улиците на јужната падина под станбената зграда.

Останатите улици се со помал профил; поважните се проектирани како стандардни улици со коловоз од 4-5 м. и тротоар од минимум 1 м. со проширувања во колку конкретните услови тоа го дозволуваат Останатите улички се или колско-пешачки, најчесто стрми, или во колку се изузетно стрми-исклучиво пешачки. Пешачките улици се со скали, кои се поставуваат и на деловите (дворишта, ширини со седење) кои се наменети за одмор и до кои не треба да има можност да допре автомобилот.

Треба да се подцрта, дека ширината на вкупниот уличен простор без обзир дали улицата е стандардна колско пешака, или само пешачка не треба да дојде во прашање при реализацијата на планот. Тоа е еден од непроменливите, цврсти елементи кои ни во име на флексибилност не треб да бидат загрозени.

2. Становање

Во просторот на разработка на деталниот урбанистички план живеат денес околу 4500 жители. Се предвидува во месната заедница бр.3 ("Горно мало") во иднина да живеат околу 7600 жители. Густината на населеноста битно нема да се промени, но се рачуна на заначително подобрување на квалитетот на становање и живеење.

Во однос на начин на становање прифатена е концепцијата, за која се произнесле и поголем број на анкетираните граѓани, во што поголем степен да им се овозможи на жителите, во рамките на сопствени средства и личен труд, да придонесаат за ревитализација на населбата.

Затоа најголем дел на стамбените површини се зацртани под индивидуална изградба со висина од П + 2 и П + 1.

./.